# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ
## од Второто продолжение на 50-та седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 28.12.2003 година

Седницата се одржа во зградата на Собранието, сала 1, со почеток во 14,00 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Љупчо Јордановски, претседател на Собранието.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Да почнеме со работа по 50-тата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Каролина Ристова, Јани Макрадули, Трифун Костовски, Али Ахмети, Љубисав Иванов Ѕинго, Јусуф Арифи, Ангелка Пеева Лауренчиќ, Ристо Пејоски, Ѓорѓи Трендафилов, Љубчо Ѓеорѓиевски, ме известија дека ќе отсуствуваат од денешната седница.

Почитувани пратеници, знаете дека синоќа го завршивме општиот претрес и должен сум објаснување за ова доцнење на седницата. Имено, свикав координација по лично мое барање и по барање на предлагачот, за да се оганичи дискусијата, бидејќи членот 83 јасно зборува дека ограничување на дискусијата се однесува на целата точка на дневен ред. Точката на дневен ред значи општа расправа, бидејќи немавме сега расправа по текстот на законот и расправа по амандманите. Тоа значи дека правото, кое што е искористено во општата расправа од страна на поедини пратеници, не им дава можност да дискутираат и по амандманите. Опозицијата која што беше застапена со нивните координатори не беа на такво мислење и сметаа дека тоа е одделно прашање и дека тие имаат право, опозицијата има право, да дискутира и тоа неограничено, бидејќи се повикуваат на членот 168, каде што се вели дека се води претрес по амандманите. Заради тоа, јас предложив тогаш, бидејќи сметам дека членот 183 е сосема јасен, предложив како добра волја, да се дозволи секој пратеник кој што има амандман да зборува 5 минути по амандманот или ако пратеникот не е присутен тука, соодветната пратеничка група која што го поднела амандмантот да определи дискутант по тој

амандман. Бидејќи, неможевме да се усогласивме околу тој предлог, побарав Комисијата за мандантно-имунитетни и деловнички прашања да даде свое мислење. Комисијата се састана, малку подолго време траеше и мислам дека во текот на седницата, ако веќе не ви се поделени одлуките на извештајот од страна на Комисијата. Комисијата констатира она што е во рамките на членот 183 дека под прашање се подразбира точка на дневен ред, бидејќи истото тоа се употребува во членовите 64, 66 , 72, 74, 75 и 76 од Деловникот.

Јас, уште еднаш предлагам да се води амандманска расправа и тоа да се води на начин, секој предлагач да има право од 5 минути да си го образложи амандманот, а во случај предлагачот да не биде тука, пратеничката група да одреди пратеник кој ќе го образложи амандманот. Бидејќи и министерот е дел од целата амандманска расправа, на министерот да му дозволиме евентуално ако има желба да дообјасни 3 минути. Затоа беше и ова доцнење. Во случај и тоа да не се прифати, ние ќе постапиме по мислењето на Комисијата за мандантно-имунитетни и деловнички п рашања. Се извинувам, материјалот ќе ви биде поделен ќе го прочитате и јас не отворам расправа по извештајот на Комисијата. Бидејќи, материјалот уште не е поделен, ќе причекаме 5 минути да се подели. (Извештајот се дели на пратениците).

Имавте поделено извештај, ве молам, јас го побарав мислењето и мислењето ви е дадено во форма на извештај.

Повелете господине Кондарко.

БОРИС КОНДАРКО:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници.

Во својство на претседател и известител на Комисијата на мандантно-имунитетни и деловнички прашања сакам да го образложам извештајот и мислењето на Комисијата.

Комисијата на мандантно-имунитетни и деловнички прашања одржа седница по барање на претседателот на Собранието на Република Македонија согласно член 56, алинеја 2 за давање на мислење во врска со примената на членот 83 од Деловникот на Собранието, а кој се однесува на претресот по одделно прашање со ограничување на време траењето на учеството во претресот. Врз основа на претресот Комисијата на Собранието му го доставува следното мислење.

1. Комисијата на мандатно-имунитетни и деловнички прашања смета дека под терминот одделно прашање се подразбира точка на дневен ред, а истиот термин се употребува и во членовите 64, 66, 72, 74, 75 и 76 од Деловникот на Собранието, што јасно упатува на неговото значење.

2. Комсијата смета дека во рамките на определено прашање односно точка на дневен ред во смисла на членот 83 од Деловникот, се опфаќа целокупната расправа која се води по тоа прашање, односно општиот претрес и претресот по текстот, што подразбира амандманска расправа.

3. Одлуката на Собранието, пратеникот да говори само еднаш во траење од 10 минути, а координаторот на пратеничката група и предлагачот на актот или материјалот во траење од 15 минути, согласно член 83 од Деловникот се донесува на почетокот на претресот по текстот односно амандманската расправа.

4. Комисијата смета дека согласно членот 83 од Деловникот во рамките на едно исто прашање односно точка на дневен ред, пратеникот може да говори само еднаш, што значи дека тоа право се однесува и за општиот претрес и за претресот по текстот односно амандманската расправа и тоа право во рамките на една точка од дневен ред, може да се искористи само еднаш.

На крајот, напоменувам дека членот 83 од Деловникот, бидејќи ние како Собранието на почетокот на претресот согласно Деловникот одлучивме за неговата примена има појако правно дејство и во конкретниов случај, бидејќи е изгласан за да се применува, ги исклучува останатите членови од Деловникот кои предвидуваат дека по амандмантот се води претрес, бидејќи тоа право со изгласувањето за примена на членот 83 предвидува да се говори изрично само еднаш, како што тоа е наведено децидно во членот 83, кој ние го применуваме.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Сите пратеници што овде се пријавени ќе говорат процедурално, бидејќи јас не отворам расправа по овој извештај.

Процедурално госпоѓа Ганка Самоилова - Цветановска.

ГАНКА САМОИЛОВА - ЦВЕТАНОВСКА:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, членови на Владата.

Денешната седница во недела беше закажана со почеток во 11,00 часот. Во 11,00 часот во Собранието на Република Македонија беа присутни 120 пратеници и преку 200 вработени во Службите на Собранието на Република Македонија . Значи, околу 350 луѓе беа мобилизирани во неработен ден, со цел што поекспедитивно да завршиме со расправата за буџетот. Опозицијата, претседателот на ВМРО-ДПМНЕ, господинот Никола Груевски даде јавно ветување дека ќе бидеме максимално конструктивни во нашите расправи и ќе направиме се буџетот на Република Македонија да биде усвоен пред новогодишните празници. Сега е точно 14,00 часот, што значи дека изгубивме 3 часа во обид позицијата да најде начин како да ја надмудри опозицијата, односно како да најде начин да ја замолчи опозицијата. Опозицијата, на овој или на оној начин, не може да биде замолчена, бидејќи во Република Македонија од пред неколку години се започнати демократските процеси. Вие се обидувате да ги уназадите демократските обиди. Денеска не не ограничивте во однос на нашите дискусии, денеска вие го ограничувате правото на демократијата, го ограничувате правото на пратениците да го искажат своето мислење и да дискутираат по однос на амандманите, право кое им е дадено од граѓаните на Република Македонија.

Почитувани дами и господа, сакам да ви кажам уште еднаш дека опозицијата не можете да ја замолчите. Ние тоа право ќе го искористиме. Денес во Македонија е вовед во тоталитарен режим. Режим од кој, веројатно, сеуште некои не можат да се ослободат. (Некој од пратениците гласно реагираа). Ве молам, колега, бидете колегијален. Доколку сакате да кажете, слободно искористете го вашето процедурално или деловничко право, дојдете на говорницата и кажете што мислите. Вие кажавте што мислите. Следниот чекор што го очекуваме е укинување на директните преноси од собраниските седници или целосно распуштање на Парламентот, бидејќи фукнцијата на пратениците е комплетно деградирана. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Самон една мала корекција. Сабота и недела се работни денови, кои што ги одработуваме за 5 и 6 јануари. Мислам на тоа што се однесува до службите овдека, а

инаку парламентарците имаат континуирано заседавање на пленарни седници, а тоа е во Уставот.

Повелете господине Коце Трајановски, процедурално.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Претседателе, навистина, не верував дека ќе дојдеме до овој степен да бидеме тотално замолчени. Значи, гледајќи го извештајот од Комисијата, ние веќе немаме право да говориме. Иако, сме поднеле 120 амандмани, за кои што амандмани сакаме да се произнесеме, кои амандмани произлегуваат од нашите контакти со граѓаните на Република Македонија, бидејќи отворивме канцеларии и тие сакаат да го слушнат својот збор, имаме контакти со месни заедници, со здруженија и нивните барања се преточени преку тие амандмани и тие сакаат да слушнат како нивните предлози ќе бидат преточени во буџетот на Република Македонија. Бидејќи не треба да заборавиме дека, сепак, во буџетот учествува секој граѓанин на Република Македонија, преку плаќањата на разно разни даноци, кои го полнат буџетот на Република Македонија. На овој начин тие ќе немаат право да слушнат ништо и во тој случај Парламентот денеска ќе се претвори во една гласачка машинерија и ништо повеќе. Инаку, вие направивте прекршување на Деловникот на Собранието на Република Македонија, со толкувањето на член 83 од Деловникот на Собранието на Република Македонија. За ваше информирање практично, ние почнавме со работа во 10,00 часот, сите координатори на пратенички групи беа свикани да дојдат кај претседателот на Собранието и ние како опозиција му го кажавме нашето мислење во врска со Деловникот. Имено, спротивно на тоа што е донесено на Комисијата, а и тогаш предочивме дека Комисијата практично, бидејќи има мнозинство во Комисијата од партиите кои се мнозинство во Парламентот, ќе биде донесено она решение кое ќе го сугерира претседателот или парламентарното мнозинство.

Сакам да спомнам дека Комисијата воопшто не го погледнала членот 168, кој што е дел од членовите, каде има една група од членови, почнувајќи од 165, 166, 167, 168, 169, 170, 171, кои што ја регулираат работата во врска со амандманите во Собранието на Република Македонија. Значи, она што вие општо го третирате преку членот 83, практично, за амандманите е децидно кажано во членот 168. Тука се вели, за амандманот се води претрес. За амандманот има право да се изјасни предлагачот на законот, ќе потенцирам и известителот на работното тело што го претресувало Предлогот на законот

во траење од 5 минути. Воопшто никаде не е ставено дека предлагачот на амандманот е некаде ограничен да дискутира.

Да напоменам, ова е втор пат што дискутирам по членот 168, бидејќи на претходната седница исто така во обид, мислам дека беше за Блаже Стојановски да се замолчи, ја дадов оваа забелешка и беше усвоена од ваша страна претседателе, дека членот 168 не се однесува за пратениците кои што поднесуваат амандмани кога се предлагачи на одреден  материјал. Според тоа, намерно се изоставува овој член 168 и сега со мислењето на Комисијата, да речам со едно политичко, испадна дека оваа Комисија не е Комисија за мандатно имунитетни прашања, ќе испадне Комисија за политички прашања, толкува дека терминот: одделно прашање, значи точка на дневен ред. Одделно прашање согласно на член 65 додека не се стави точка на дневен ред, тоа кога ќе се стави точка на дневен ред, веќе е точка на дневен ред, не е одделно прашање. Тоа добива термин и име точка на дневен ред. И доколку тие што го изготвуваат деловникот, а јас сум учествувал во претсходниот мандат, а и тие пред мене, значи во овој Деловник е вградено 12 годишното искуство на парламентарците во Собранието на Република Македонија. И доколку навистина се обидете да не замолчите воопшто да не дискутираме на оваа седница, или да дискутираме само 5 минути т.е. да го прекршите членот 168 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, да знаете дека ја суспендирате демократијата во Република Македонија. Инаку, несфатливо е како не може предлагач на амандман да дискутира и по него. Се оневозможува да ги дадеме нашите предлози во Буџетот на Република Македонија. Сметам дека ја доведувате во прашање работата на Парламентот во Република Македонија. Ние како опозиција ќе преземеме мерки кои нема да бидат својствени за ова Собрание.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Трајановски, трите минути поминаа. Исклучете го господинот Трајаноски.

Прво, да одговорам, членот за амандманите каде што се зборува дека се отвора претрес, не е прекршен, имаат право сите оние кои што не го искористиле своето право во општ претрес да дискутираат и по амандманите.

Друго, не кажав одредени работи што се кажаа и на Координацијата. Позицијата предлага да се дискутира 5 минути по секој амандман од предлагачите. Таму имаше предлог да се ограничи дискусијата по прашањето на амандманите, односно да се користи членот 83. Прво, од две причини тоа не е добро. Затоа што се дерогира, или се изместува значењето на членот 83. Второ, ограничувањето по членот 83 по дискусија за амандмани ќе значи дека само по еден амандман може да се дискутира, бидејќи тоа значи дека еднаш е искористено тоа право. Затоа мислам дека е коректно да се прифати предлогот да се дискутира по пет минути по амандманот од предлагачот.

Госпоѓа Силвана Бонева, процедурално.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Почитувани колеги од власта, навистина сум запрепастена од извештајот кој што го добивме, кој што не е само став сигурно на Комисијата, туку тоа е и став на власта. Пред два дена не ограничивте да зборуваме по Предлог буџетот, сега сакате да се обезбедите да немаме можност да дискутираме и по амандманите, бидејќи речиси сите од опозицијата зедоа збор за буџетот. Значи, свесни сте дека со вашето досегашно работење и на економски и на политички план се девалвиравте пред граѓаните на државата и сега свесни за својата немоќ, сакајќи да го скриете тоа од јавноста, тоа го компензирате со вашиот вроден инстинкт кон тоталитаризам наследен од вашата мајка партија, па сакате да воведете тотален информативен мрак во државата. Дали сте свесни почитувани дами и господа дека со тоа вие постојано ги затегнувате односите не само внатре во Парламентот.

Почитувани колеги сакам да ве прашам дали сте свесни дека со тоа што ги затегнувате односите внатре во Парламентот тоа го пренесувате и меѓу граѓаните во државата. Барам да ми кажете дали со тоа сакате да пратите порака во светот, дека Репбулика Македонија не може да се самоорганизира и да опстои како самостојна држава. Барам да ми кажете во кој досегашен..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Јас најмалку очекувам од опозицијата да се однесува така како што не треба. Ве молам, да ги сослушаме. Имаме време и ќе ги сослушаме.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Се однесуваме така почитуван претседателе благодарение на тоа како се однесува позицијата. Барам да ми кажете, во кој досегашен состав на Парламентот во самостојна Република Македонија не смееле пратениците да дискутираат по амандманите.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господинот Чедомир Краљевски, процедурално.

ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:

Почитувани колеги, денеска имаме прилика на дело да ја видиме примената на народната мудрост која гласи: На човек со сила можеш да му земеш се, а не можеш да му дадеш со сила. Имено, опозицијата со предложените амандмани и соодветните образложенија кон нив сакаше да и помогне на позицијата и да го подобри текстот и содржината на буџетот за 2004 година што е од корист не само за позицијата и опозицијата, туку за сите граѓани на Република Македонија. Но, на така подадената рака од страна на опозицијата наидовме на едно толкување на Деловникот од страна на Мандатно  имунитетната комисија и парламентарното мнозинство со кое се прави преседан и од сега па натаму се замолчува опозицијата во природното право да говори во парламентарните дебати. Тоа е класичен пример на политичко насилие и потврда на народната мудрост, дека на човек можеш со сила да му земеш, а не можеш да му дадеш. По ова следи уште еден заклучок, а тоа е дека после ваквите толкувања на Деловникот од некои претседатели и членови на работните тела, мислам дека алтернативата денеска да се работи и да се председава со Работното тело, односно  Мандатно имунитетната комисија и другата алтернатива да се оди по набавка на бели пецива, секако ќе ја одбереше другата алтернатвива господинот Кондарко.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете, господине Жарко Караџоски, ако имате по истото прашање. Јас овде ќе ги прекинам процедуралните прашања.

БОРИС КОНДАРКО:

Јас барам господинот Краљевски да се извини.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Краљевски, ве молам да се извините, бидејќи се договоривме сепак да не се навредуваме колку и да не ни се допаѓаат решенијата на мнозинството.

ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:

Почитуван претседателе. Јас, реков дека денеска му наметнавте вие на господинот Кондарко една неблагодарна задача. И мислам дека човекот ако имаше избор ќе ја избереше оваа втора алтернатива. Ако го смета за навреда, јас му се извинувам.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Дозволете ми почитувани пратеници да го дадам своето толкување по однос на она што Комисијата го заклучи. Моето мислење, а верувам и на цела пратеничка група и на ВМРО и на сета опозиција тоа е сосема спротивно од ова. Еве зошто?

Почитувани колеги веднаш ќе почнам од членот 75 кој што претседателот во својот извештај на Комисијата го цитира. Господин Кондарко добро е да ме слушаш. Значи веднаш би почнал од членот 75, она што го спомнуваш во Извештајот. Прочитајте го членот 75 став 3. Таму се вели: Претресот по одделно прашање трае додека има пријавено учесници. Став 4 од истиот член, претседателот на Собранието констатира дека претресот е завршен кога ќе утврди дека повеќе нема пријавени учесници. Ако е така како вие што го толкувате Деловникот, претресот е завршен, господа. Претседателот го затвори претресот. Ајде сите да си одиме, нема потреба да гледаме амандмани. Значи, јасна е намерата дека станува збор за општ претрес. Значи претседателот што констатира во Извештајот, дека го заклучува општиот претрес. Констатира, отворам претрес по текстот на Законот. Деловникот зборува за претрес, не потенцира во овие членови што кажуваат. Одиме понатаму, господине Кондарко, ви се обраќам како претседател на Комисијата да го прочитате членот 162. На седницата на Собранието се води претрес по текстот на Предлогот на закон. Став 2, во текот на претресот по текстот

на Предлогот на закон се одлучува и за амандманите. Членот 168, за амандманот се води претрес. Јасно е. Јас само не знам на кого овде не му е јасно. Јасно е дека овде се работи за претрес по текстот на Законот и нема ограничување, ниту пак исклучива примена на членот 83. Незнам од каде го извеле тој заклучок. Навистина како колега на колега не можам да се начудам. Тоа е едната работа.

Друго, не е случајно издвоен членот 168 и не е случајно издвоен членот 162 во посебна глава, во глава за која што се зборува за постапка при донесување на закон. Тоа е едната работа. Имате издвоени одредби во кои што се зборува и за постапка за утврдување и донесување на буџет. Не е тоа случајно направено. Ако било така како што толкува Комисијата, Деловникот треба да заврши со член 83 и повеќе нема што да расправаме. Значи, ако го примените ова за кое што кажувате во Комисијата, ние почитувани колеги претресот го апсолвиравме по прашањето и нема што повеќе да работиме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Завршија вашите три минути. Инаку, да дообјаснам, не мора да заврши Деловникот со членот 83 затоа што не секогаш и може да се употребува. Јас точката не ја затворив, а прашањето е, се ограничува пред секоја точка на дневен ред.

Господинот Љупчо Балковски, процедурално.

ЉУПЧО БАЛКОВСКИ:

Господине претседателе, навистина треба да одговорите зошто носите одлука и ваков Извештај во кој и самите не верувате. Ако верувавте и самите на ова, немаше вие да дадете алтернатива, ајде сега пет минути ќе ви дозволам, ќе ви дозволам десет минути, да се направи некој компромис. Значи, едноставно и Комисијата не ја завршила работата. И не можете вие, треба еднаш да сфатите дека не може претседател на Собрание на некому да дава збор, или да го ограничува, или да му доделува повеќе минути, или помалку минути. Има Деловник и тој треба да се почитува. Треба да работиме по Деловникот, а не по желбата на претседателот. Се водеше техничка расправа, ни кажавте сега десет минути сме имале ние право да разговараме. Зошто не

ни кажавте пред да почнеме ние со расправа дека имаме десет минути. Ќе оставевме и по две минути, по минута и триесет, пет секунди можеби ќе имавме време за амандман. Тука имаме претставник од Министерството за финансии, тука е и министерот за финансии, меѓутоа и тој мислам дека треба да реагира, затоа што на ваков начин донесен буџет за Република Македонија за 2004 година сметајте дека не е успех ни на Владата. И овде ако викаме сега ние дека некој е победник или некој е поразен, поразени се сите парламентарци и од СДСМ и од ДУИ и од ВМРО и од цел Парламент и вие како претседател на Собрание, затоа што не знаете, верувате самите дека не е така, а браните нешто што воопшто и самите знаете дека е погрешна работа. Губи само Република Македонија, не изгубивте ниту вие како Љупчо Јордановски, ниту министерот за финансии. Прв негов буџет е сега, го донесе на ваков начин, никогаш не е донесен ваков буџет.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Балковски вие не се грижите за мене и не можете да претпоставите во што јас верувам, во што јас не верувам. Јас го прифатив предлогот на опозицијата како нивна добра политичка волја. Ако вие инсистирате, а очигледно дека инсистирате, ние ќе го променуваме членот 83 стриктно и ќе бидат ограничени оние што зборувале, немаат право да зборуваат за амандманите.

Објавувам пауза за ручек од еден час. И после тоа започнуваме со расправа за амандманите.

(пауза од 14,35 часот)

(По паузата)

(Седницата продолжи со работа во 15,50 часот)

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Продолжуваме со седницата.

Го молам претставникот на Владата да влезе во салата.

Господа пратеници, бидејќи има многу процедурални, а веќе се изјаснивме, јас нема да дозволам повеќе процедурални, освен ..

(Реакција на пратениците од ВМРО-ДПМНЕ)

.. ве молам, освен во име на пратеничката група, пратеник, или еден член да се изјасни за конечниот нивен став.

(Никола Груевски од место - “Немате право тоа да го направите”)

(Ганка Саомиловска-Цветанова - “Незнаете кој за што се изјаснува..”)

Ве молам, јас ја водам седницата.

(И понатаму реакција од место на пратениците од ВМРО-ДПМНЕ, како и другите партии во опозиција)

Ве молам, ако е во врска со она што до сега го расправавме, нема да дадам процедурално.

(Од место - “Има, има”)

Има, има начин како можете да ме повикате на одговорност, јас ја водам седницата и имам по Деловникот да не дадам збор. Ве молам, ве молам да не дофрлувате од место.

(И понтаму реакција на пратениците од опозицијата)

Вие не дискутиравте по процедурата, вие дискутиравте за демократијата, односно за политичкиот аспект дискутиравте на овој предлог, односно извештајот од Комисијата. Тоа не е процедурално.

(И понатаму пратениците од опозицијата бараат збор процедурално)

Ве молам, во име на пратеничката група еден ..

Повелете господине Илјаз Халими, вие имате процедурално во име на пратеничката група.

(Некои пратеници од ВМРО-ДПМНЕ стојат додека зборува господинот Халими)

ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:

Господине претседателе, сите ние пратеници пред се ги имаме амандманите. На почетокот нивниот број беше над 100, но имајќи предвид дека некои од пратениците ги повлекле амандманите, така што овој број е намален под 100. Да поченеше на почеток, од самиот почеток навреме овој Парламент, а поминаа пет часа од

11,оо часот, сигурно дека половина од амандманите ние веќе ќе ги поминевме. Не требаше сето ова што се случи за да се пролонгира почетокот на работата на оваа парламентарна сеанса.

Парламентарната група на ДПА нема многу амандмани, околу шест се вкупно и бидете сигурни дека елаборирањето или оправдувањето зошто сме ги предложиле овие амандмани немаше да поминат повеќе од пет минути. Ако гоземаме просекот, така се случувало и во минатото, барем во овие пет години колку што сум во Парлалентот, дури и порано, доколку се земе просекот на дискусиите или пак елаборирањето на амандманите кои што се направени досега, повеќе од 5-6 минути не се одземени. Многу лошо звучи кога се ограничува правото на пратеникот, а уште повеќе кога станува збор за пратениците од опозицијата на 5, 6 или 7 минути ограничување.

Бидете сигурни дека доколку почнеше навреме, верувајте дека можеби ќе бевме при крај на разгледувањето и усвојувањето или пак одбивањето на амандманите.

Затоа барам да продолжиме со работа, да нема бариери, да нема ограничувања, а за нашата парламентарна група ние гарантираме дека минутажата нема да ја надминеме, но навистина многу лошо звучи, не е добро ниту за демократските процеси, ниту пак за опозицијата, ниту пак за јавноста кога ќе слушне дека има вакви ограничувања, бидејќи вакви ограничувања немало ниту пред 1990 година. Земете ги стенографските белешки, видете дали на некого му било ограничено времето на дискусијата во рамките на оние минути за кои што се определил овој Парламент. Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодрам господине Илјаз Халими.

Јас бев опоменат од последниот дискутант дека треба да се држам стрикно за Деловникот. Јас се држам стрикно за Деловникот и за членот 83.

(Пратеникот госпоѓа Марија Којзеклиска од место дофрлува:' “А челн 85”)

Отворам претрес по Текстот на предлогот на Буџетот на Република Македонија ..

(Реакција на пратениците од опозицијата)

..за 2004 година.

Владата на Република Македонија поднесе амандман ..

(Остра реакција на пратениците од опозицијата, посебно од ВМРО-ДПМНЕ)

Повелете, во име на пратеничка група има збор господинот Стојан Андов, од Либералната партија поцедурално.

Повелете.

СТОЈАН АНДОВ:

Господине претседателе, почитувани колеги,

Можеме да направиме многу крупни грешки од еден банален повод каде што на располагање се многу други решенија и не би требало да ги правиме овие грешки, а грешките можат да бидат со големи последици.

Ние кога работевме на Уставот 1991 година расправавме скоро цел ден околу тоа дали да се овозможи некој да го толкува Деловникот или да нема такво овластување. Во Уставот на никого не му е дадено овластување да толкува Деловник. Запревме на тоа дека претседателот на Собранието се грижи за примена на Деловникот а сите други се должни да го применуваат.

Според тоа толкувањето, тогаш ние констатиравме во тие расправи дека толкувањето на Деловникот ако се допушти, тогаш од дневно политички потреби на мнозинството ќе му биде овозможено дневно да ги растура нормите во Деловникот. Затоа ниедна комисија господине претседателе не може ниту да ве обврзе, ниту да ја замени вашата лична одговорност за тоа како се грижите за спроведувањето на Деловникот.

Ако има потполно јасен член, 168 каде добро и јасно пишува никој не ви дава право да толкувате други членови за да го замаглите тоа што го пишува во 168. Спроведете го и грижете се и други да го спроведат точно така како пишува. Ако дозволиме да ги навлекуваме другите членови за таму каде јасно стои одредбата верувајте тоа ќе биде дневен пазар, а процедурата, нејзината чистота, нејзината сигурност и доследност е единствената суштина на парламентарната демократија. Без тоа ја нема, верувајте ми. Затоа сите овие укажувања, најмногу сакаме вам како претседател на Собрание да ви помогнеме. Немојте да упаднете во дневно - политичка

игра. Вашата функција е многу одговорна и на вашата совест лежи тоа дали ќе го применувате, ќе се грижите за примена на Деловникот точно така како што ве задолжува Уставот.

Ова што го почнавте, да вовлекувате толкувања лични или од Комисијата, тие водат на странпатица и ќе го уништат парламентарниот дух овде во Парламентот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господин Стојан Андов.

Јас ќе го спроведувам Деловникот онака како што јас сметам дека треба да се спроведува, бидејќи по Деловникот се побара мислењето за да се потврди моето. Според тоа, ние ќе го примениме членот 83 онака како што јас го предложив и како што ме замоли еден претходен дискутант.

Затоа, преминуваме на амандманите.

Владата на Република Македонија поднесе амандман на Раздел 0401 Програма ..

(Остра реакција на пратениците од опозицијата, дури и со тропање на пратеничките клупи)

Дозволувам процедурално да се искаже мислењето од еден.

(Марија Којзеклиска од место - Не давате збор кога треба да давате)

Повелете господине Груевски, во име на вашата пратеничка група, ако мислите дека треба да дадете ..

(Реакција на пратениците од ВМРО-ДПМН, а посебно од Коце Трајановски и Марија КОјзеклиска)

НИКОЛА ГРУЕВСКИ:

Почитувани пратеници, ова што денеска се случува во Парламентот се нема никогаш случено до сега и навистина сум возбуден и незнам што да кажам.

Јас бев три години министер за финансии, три пати бранев буџет, се бранел буџетот и на 29-ти и на 30-ти декември, но вакво нешто не се случило до сега. Од што се плашите вие претседателе, од што се плашите вие пратеници? Да разговате за

економските прашања, да разговарате отворено пред граѓаните за тоа дали ќе се прифати некој амандман за земјоделците или амандман за образованието ..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Се извинувам господине Груевски, ова не е процедурално.

НИКОЛА ГРУЕВСКИ:

Немојте да ме прекинувате.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ќе ве прекинувам, бидејќи ова не е процедурално.

НИКОЛА ГРУЕВСКИ:

Работите спротивно на Уставот..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Исклучете го господинот Груевски, бидејќи ова не е процедурално, ова е ваш политички став.

(Техничката служба го исклучува микрофонот на говорницата на која говори господинот Груевски.

Пратениците од ВМРО-ДПМНЕ - Марија Којзеклиска бара збор процедурално)

Почнуваме со расправа.

Имам право да не дадам збор.

(Бурна реакција на пратениците од опозицијата)

Владата на Република Македонија поднесе амандман на Раздел 0401 Програма 20 потставка 40112, потставка 401216..

(Госпоѓата Марија Којзеклиска излезе пред претседателот на Собранието и упорно бара збор)

Побарајте одговорност од мене, ве молам на место.

Програмата 12 потставка 4011112 потставка 401216 ..

(Кон претседателот се доближуваат господинот Никола Груевски и Марија Којзеклиска)

Ве молам, не се доближувајте до кај мене. Не се доближувајте, ве молам, седнете на место.

(Госпоѓата Марија Којзеклиска упорно не сака да оди на место, се додека не и даде збор)

Ве молам, седете на место.

(Нејќам да седам додека не ми го истолкувате Деловникот)

Ве молам, седете на место.

(Сакам да ми го истолкувате член 85 од Деловникот)

Седете на место, ве молам. Јас ја раководасм седницата и седете на место.

(Не смеете да ја прекршувате ако ја водите)

Ако ја прекршувам ќе побарате одговорност од мене. Ве молам седете на место.

(Никола Груевски излезен од неговото место вели - Не е ваше, тука има Парламент)

Има, има интерпелација, институција, побарајте интерпелација.

Ве молам седете на место.

(И понатаму госпоѓата Којзеклиска не сака да оди да седи на своето место)

Ве молам, седете на место. Седете на место. Ве молам седете на место.

(Којзеклиска - Не седам се додека не ми дозволите деловнички

Кон претседателот приоѓа и господинот Спиро Мавровски велејќи - Што правите циркус овде. Си одиме по магла, се враќаме по магла, си играте играчки овде)

Ве молам седете на место.

(Марија Којзеклиска - Барам член 85 претседателе кој вика “На пратеникот која сака да говори ..го цитира член 85 од Деловникот, но микрофонот на говорницата е исклучен, зошто не ми давате, затоа што јас сум на ред деловнички)

Затоа што ќе зборите по она што веќе ..

(Нема да зборувам)

(Реакција скоро на сите пратеници од опозицијата)

(Нема да зборувам, нема да зборувам, јас го имам извештајот на Комисијата)

Седите на место, ве молам.

(Нема да седам додека не ми дадете збор)

Седете ве молам.

Владата на Република Македонија поднесе амандман на Раздел 40001 Програма 20 потставка 40112 потставка 401216 потставка 401217, ставка 402 и Раздел 0601, Програма 12 потставка 40412..

(Пратениците од опозицијата покрај бурната реакција тропаат на пратеничките клупи, додека госпоѓата Марија Којзеклиска упорно стои до говорницата барајќи претседателот да и даде збор)

Повелете процедурално, само да не се зборува исто и политички.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Почитувани пратеници,

Јас сакам само да му укажам на претседателот дека членот 85 од Деловникот воопшто не е применет затоа што сите тие што се пријавени тука на екранот се деловнички, процедурално, како што милува да каже претседателот.

Согласно член 85 на пратеникот кој сака да говори за повреда или неправилна примена на Деловникот претседателот му дава збор штом ќе побара,. Има право на три минути. Дали тоа право претседателот како пратеник од опозицијата мене ми го дозволи. Не ми го дозволи. Меѓутоа, за да не ми течат трите минути јас ќе ви кажам нешто.

Ние денес и вчера која точка ја имаме на дневен ред - Предлог за буџет на Република Македонија за 2004 година.

Почитувани пратеници, во Деловникот во член 185, ако не сте прочитале постои “Одредби, постапка за донесување на буџет на Република Македонија и завршна сметка на буџетот”.

Во член 185 се вел: “По предлогот на Буџетот на Република Македонија се води општ претрес и претрес по текстот”.

Господинот Кондарко, како претседател на Комисијата за деловнички и мандатно - имунитетни прашања прави такво тешко прекршување на Деловникот, со тоа што ги поситоветува и општиот претрес и претресот по текстот и амандманскиот претрес.

Ова е невидена диктатура што сака да се спроведе во Собранието. Ако мислите вие да бидете соучесници на господинот Кондарко, тоа е ваше право, ама вие не можете да се вратите таму каде што бевте, во вашите градови.

(Реакција на пратениците од ЛДП)

(Госпоѓата Којзеклиска одејќи кон своето место дофрлува кон пратениците на ЛДП - Ти нема да ми кажеш каде)

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Алити.

РАФИС АЛИТИ:

Почитуван претседател, почитувани пратеници,

Како член на Комисијата за деловнички и мандатно - имунитетни прашања мислам дека измената на одлуката на оваа комисија е политичка одлука а не правна. Претседателот на комисијата, господинот Кондарко имаше голем притисок да го третира Правилникот на политички начин и да одлучи политички.

Господине Кондарко, ви велам дека врз вас е направен еден притисок и ќе ве девалвира како еден млад пратеник на оваа партија. Денеска во Македонија е направен еден голем удар на демократијата каде парламентарното мнозинство по секој услов се труди да го замолчи гласот на опозицијата за да зборува за буџетот и каде ќе се потрошат парите од буџетот и каде ќе ги намени истите пари.

Мислам дека Деловникот не спречува пратениците да зборуваат за своите амандмани и ве молам господине претседателе да работите според Деловникот на Парламентот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Работам сосема според Деловникот на Парламентот и тоа е мое право јас да го толкувам.

Повелете, има збор господинот Блаже Стојановски, процедурално.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Господине претседателе, ние зборуваме за Деловникот, а треба да го имаме предвид и Уставот на Република Македонија. Јас ќе ви цитирам неколку одредби од Уставот кои се внесени во Деловникот на Собранието на Република Македонија, за кој сега разговараме.

Прво, како темелна вредност во член 8 од Уставот е утврдено владеењето на правото, поделбата на државната власт на законодавна, извршна и судска, како и политичкиот плурализам како и слободните, непосредни демократски избори.

Во член 16 од Уставот се гарантира слободата на говорот, јавниот настап, а цензурата е забранета.

Според Уставот ограничувањето на слободите и правата не може да се однесува на слободата на уверувањето, совеста, мислата, јавното изразување на мислата.

Собранието е претставнички дом на граѓаните и во демократските држави Собранието ги носи одлуките преку избрани лица кои ги претставуваат граѓаните.

Пратениците кои што го сочинуваат носат заедничка одговорност за Република Македонија.

Функционирањето на Собранието е уредено со неговиот Деловник.

Во член 27 од Деловникот е утврдена обврска на пратениците да присуствуваат на седниците на Собранието и да учествуваат во неговата работа.

Според мнозинството пратеници кое го сочинуваат пратениците од власта, правото на останатите пратеници односно на сите пратеници беше ограничено на 10 минути. Со тоа се направи еден преседан и на тој начин се даде една честитка до опозицијата која што не можам јас да ја протолкувам никако поинаку освен “Среќна Нова 1949 година”.

Кога зборуваме за единствен претрес и за предлогот на законот и за текстот на предлогот на законот и за амандманите, тогаш вие ако го затворите претресот треба да пристапите кон гласање за буџетот. Ако пристапите кон гласање за буџетот, тогаш нема да имате место да се расправа и да се гласа за амандманите.

Од овие причини јас барам од вас да ги доставите стенографските белешки од претходните седници на овој Парламент, па и за време на претходниот претседател на овој Парламент и да видиме дали се отвора посебен претрес, општ пререс по Предлогот на законот, посебен претрес по текстот по Предлогот на законот и посебен претрес по секој амандман поединчено. Гласањето по однос на целиот текст на законот се завршувашер после отворањето на претресите по овие поединечни делови од целата таа постапка.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Стојановски, ако велите дека Уставот не ги ограничува правата и слободата на говор, тогаш Деловникот кој што сте го донеле, кој го донел претходниот состав е очигледно противуставен.

Господине Ефтим Манев, повелете имате деловнички.

ЕФТИМ МАНЕВ:

Како член на Комисијата за деловничко имунитетни прашања би сакал да се произнесам јас по заклучоците кои ги донесе Комисијата.

Сметам дека колегите во Комисијата не сакаа ни да расправаат дали постои или е постои такво право, тоа што сакаме да го примениме сега, со користење на членот 83.

Само би сакал да се изјаснам дека и овој пратенички состав, без разлика кој на која партија припаѓа, сепак сме должни како пратеници ние лично да се убедиме и да знаеме што зборува самиот деловник и каква е процедурата за донесување на прописите. Тоа го зборуваше сега и колегата Блаже Стојановски.

Буџетот се носи по скратена постапка. Сепак, има две фази. Фаза да се прифати предлогот на Буџет и потоа влегуваме во фаза на претрес по текстот на буџетот. Тоа не може да се скокне колеги пратеници. Не може, сакале не сакале, не може. Ако сакаме да направиме таков гаф, добро кажа колегата Блаже да се вратиме на сите закони што сме ги донесувале досега по скратена постапка и да видиме како се работело. Не може поинаку и заради тоа е неминовно - мислам дека претседателот многу повеќе правно логицираше кога побарал такво право дека сметал дека оди во втора фаза и им припаѓа

тоа право на пратениците да зборуваат. Дали е ограничено или не, тоа е друга работа. Дали по втор пат ќе побараме ограничување?

Ако се донесува овој буџет во две фази, ако не е пропишано да се донесува во една фаза, како другите закони, што би било ако во прва фаза имаме ограничување на зборувањето. Дали тоа ќе важи и по втор пат кога ќе се предложи пред Собранието предлогот на законот? Дали истото важи? тоа важи само за тоа прашање, а за второто прашање расправа по текстот на амандманите, може да се гласа по втор пат дали да има ограничување или не.

Сметам доколку продолжевме, немаше да има никакво зборување по двајца, тројца или пет пратеника по еден амандман, туку исклучиво правило во Парламентот е да си го образложи оној кој го поднел. Како може сега овие луѓе, односно овие пратеници што имаат поднесено амандмани да им го ускртиме правото да зборуваат по истите, да се произнесат, а тоа е исто да не може и министерот да се произнесе по неговиот закон што го предлага. Сметам дека тоа е апсурдно и мораме да излеземе од оваа конфузија само на таков начин. Се гледа втора фаза на Буџетот, ќе го ограничиме на пет и 10 минути, и ништо повеќе. Тоа е реалната работа, друго нема. Не може да важи членот 83 и во втора фаза. Ова е втор дел од Буџетот, не може да се третира како едно.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Манев, таа работа ја расчистивме околу ограничувањето. Ако бевте тука, координацијата беше свикана заради тоа, но опозицијата не го прифати предлогот на позицијата секој да има право да дискутира по пет минути за својот амандман. Тоа беше одбиено.

Процедурално, има зобр г-динот Спиро Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Господине претседателе, почитувани пратеници,

Сите ние потпишавме професионални договори за работа како пратеници во македонскиот парламент. Ова што се случува, работењето без никакво работно време по предлог на некој и за продолжување, да не знаеме секоја седница кога ќе заврши, работа во сабота, работа во недела, до ноќните часови и до раните утрински часови, мислам дека сето тоа е претерување и малтретирање. Синоќа ја напуштивме салата во 22,00

часот, возевме по магла, стигнавме некаде околу 1,00 часот, сабајле ја пропуштивме неделната богослужба, за која гледам многу немарите . . .

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам, зборувајте процедурално, не зборувајте за магли.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Процедурално зборувам г-дине претседателе. Празниците како Св. Никола, Св.Спиридон Чудотворец останавме до 8,00 часот тука, а зошто е сето тоа? Заради вашиот атеизам или поради Охридскиот договор, некоја конфесија добива поголеми права од МПЦ и ние празниците ќе треба да ги поминуваме тука токму во оваа сала.

Затоа, г-дине претседателе, да видите што ќе се случува. Со ова ги кршите правата од Општата декларација за правата на човекот на ОН, член 4 и член 7 и јавно ви кажувам дека ќе поднесам лична тужба против вас директно за малтретирање и за се ова што се случува во Македонскиот Парламент. За сведоци ги повикувам сите 120 пратеници, а и секретарот во Собранието.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор министерот за финансии.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине претседателе, почитувани пратеници,

Во овие правила на игра претпоставувам дека процедурално се јавувам три минути, ако ми дозволите.

Би ве повикал сите пратеници и пратенички групи сепак, иако не сум во ситуација да давам сугестии на Парламентот, меѓутоа, во овој случај како претставник на Владата по законите кои се на дневен ред би ве повикал сепак да се најде некој компромис меѓу сите пратенички групи  да се излезе од ситуацијата, затоа што очигледно денес тешко ќе можеме да завршиме било што од работата. Остануваат уште два дена за да можеме да работиме.

На Буџетот се поднесени 120 амандмани и има уште десетина закони чии рокови се врзани со 31 декември да се објават во Службен весник. Тие закони заедно со Буџетот доколу не се донесат ќе предизвикаат, можеби не премногу сериозни проблеми, меѓутоа ќе предизвикаат соодветни проблеми во функционирањето на државните органи и во

финансирањето на нивните функции, а некои од нив ќе предизвикаат и проблеми кои државата ги има преземено на меѓународен план со своите обврски, пред се со меѓународните финансиски институции. За некои од тие закони нема да биде ист ефектот ако се донесат до 31 декември и после 31 декември, затоа што некои од нив може да се применат во теко тна 2004 година само под услов да се донесат и објават до истекот на оваа година. На пример, пензискиот закон, ако пропуштиме еден ден, цела 2004 година сме ја пропуштиле, а исто така имаме и некои меѓународни обврски и некои промени што ги имате на маса пред вас.

Само да потсетам дека со Законот за буџети, доколку не дојде до донесување на буџетот до крајот на календарската година, Владата ќе премине со одлука на времено финансирање. Тоа значи дека сите нови намени во Буџетот нема да можат да се користат согласно политиката која сега во Буџетот е поставена и која треба да се донесе, туку ќе се финансираме врз основа на претходниот буџет.

Сакам да укажам на последиците кои ќе настанат уште веднаш во јануари по одредени корисници на буџетот. Тогаш веќе судскиот буџет не можеме да го користиме на начин кој што зо закон е утврден, имаме проблеми и кај обвинителството, а да не зборувам за ресорите каде што имаме сериозни поместувања во платните позиции, затоа што во меѓувреме настанаа сериозни промени во начинот или во степенот на финансирање на одредени намени, да речеме одбрана, внатрешни, кои не ќе можат да го финансираат платниот список на своите вработени со соодветното ниво од 2003 година затоа што се настанати промени.

И да не објаснувам, претпоставувам дека на сите нас во салата ни е јасно дека некакви последици ќе има кои не се добри. Затоа, ве повикувам, толку можам како предлагач на овој закон за Буџетот и на пропратните закони кои се десетина да се најде некое компромисно решение, за кое од ова што го гледав верувам дека ќе биде потрбен исклужителен напор од сите за да се продолжи со работата.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Јас само сакам дам повторам дека предлог постеше, сите да дискутираме по својот амандман дека 5 минути. Тој предлог се уште го држам.

Повелете г-дине Никола Груевски.

НИКОЛА ГРУЕВСКИ:

Прво би кажал некои работи во врска со ова што беше споменато.

Прво, парламентарците не се виновни што некои закони во Парламентот, надвор од Буџетските закони, се донесени толку доцна, па треба да се усвојат на 31 декември. Пензискиот и сите други закони можеле и во септември и во октомври да се донесат, а не 10 дена да не задржувате на расправа за тетовскиот универзитет, па сега ние сме виновни зошто не е усвоено.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Груевски, ве молам за предлогот да се изјасниме за да можеме сите да дискутираме по своите амандмани по 5 минути.

НИКОЛА ГРУЕВСКИ:

Јас лично како пратеник во ова Собрание и претседател на најголемата опозициона партија пред неколку дена дадов јавно ветување преку медиумите, еве тоа го потврдувам и тука, дека опозицијата апсолутно нема никаква намера по овие точки да врши било каква опструкција и дека што и да се сллучи, на 30 декември, значи во вторник ние сме подготвени да ги завршиме нашите расправии и да се овозможи гласање во парламентот.

Единственото што го б аравме е да не ни го скратувате правото да го дадеме нашето мислење за буџетот за амандманите на Буџетот, за што цврсто веруваме дека може би нешто ќе ја убеди Владата да промени нешто во начинот на нејзиното работење односно во предложениот буџет. Тоа е единственото што го баравме. Ниту имам намера да опструираме, ниту имаме намера буџетот да не се усвојува, инаку, тоа токлу драматично да не се кажува дека ако не помине на 31 декември незнам што ќе се случи. Сме имале ситуации на времено финансирање итн., но тоа не ни е идеата, да потенцирам. Нам, не ни е целта да одиме на времено финансирање. Целта ни е само да се искажеме, да го искажеме нашето мислење, нашите предлози, идеи, и да ги образложиме и да добиеме парламентарна  шанса Владата да процени дали нешто треба да се прифати или не треба да се прифати.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали тоа значи дека го прифаќаме предлогот  секој за својот амандман да има право 5 минути да го дискутира.

Повелете г-дине Груевски.

НИКОЛА ГРУЕВСКИ:

Господине претседател, вие цело време се обидувате да ја укинете демократијата во Парламентот. Заборавете ги тие 5 минути. Ви велам, ние немаме намера овие точки да ги опструираме, ниту нешто лошо да направиме. Дали некој ќе зборува 2, 5 или 20 минути, тоа ќе биде избор на самиот човек што образложува, на самиот пратеник. А, ние во вторник, на 30 декември ќе ги завршиме нашите расправи и ќе си оди гласањето во Парламентот. Заборавете ги 5 минути, 3 минути, тоа е опструирање на Парламентот, тоа е воведување диктатура. Не можете да му ограничувате на пратеник дали ќе зборува 5 минути, 3 минути или 20 минути. Тоа никогаш го немало и никаде го нема.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Јас барам согласност, јас воопшто не ве терам да го прифатите. Инаку, членот 83 е сосема јасен.

Затоа уште еднаш ве молам за заедничко добро, кажавте и вие став во врска со тоа, министерот замоли, позицијата е малку да отстапиме од членот 83, пет минути да се дискутира по секој член и ќе се има можност да се каже за пет минути.

Повелете г-дине Оровчанец.

ЃОРЃИ ОРОВЧАНЕЦ:

Господине претседателе, овде јавно искажаната завет дека на 30 декември ќе се заврши расправата, очиглдно алудира и на свеста на сите нас дека тоа ќе го направиме. Јас можам да кажам дека на моите амандмани ќе се задржам максимално кратко, затоа што дел во дискусијата образложив, а само за една минута ќе образложам затоа што сметам дека е витално, но ќе се трудам да бидам краток. Меѓутоа, укинување на нечије право е многу поголема повреда од било што. Дајте на нашата совест да разговараме онолку колку што треба. Мислам дека сите сме и доволно свесни и да го почитувани предлогот на министерот Поповски во таа смисла, па на крај да излеземе од оваа ситуација на вистински начин, без лицитирање за пет минути, без укинувања и

лимитирања, туку лимитот да биде во свеста дека ќе го донесеме и лимитот да биде во нашите глави, а не само укинување на Деловник и со други процедури.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Деловникот не се укинува, се постапува по него.

Деловнички, има збор пратеникот Борис Кондарко.

БОРИС КОНДАРКО:

Господине претседателе, мислам дека на сите овде во Собранието треба да им биде јасно дека Собранието не работи на нечии чесни зборови на “жими мајка”, а особено не на зборот на опозицијата и на лидерот на опозицијата, туку единствено по Деловникот. Овде никој не укинува никакви права, туку деловникот предвидува одредени права за кои се произнесе Собранието.

Според тоа, одредбата од членот 83 има појако правно дејство во однос на сите одредби за претрес по буџетот и амандманите, бидејќи изрично предвидува во текот на една точка на дневен ред да се говори само еднаш. Ве молам, сакам да биде јасно дека никој во ова Собрание не спроведува диктатура, никој не ја ограничува демократијата. Напротив, ние овде од опозицијата слушнавме закани од координаторот на пратеничката група дека цитирам “ќе применеле мерки кои нема да бидат својсветни за ова Собрание”. Со таквите закани се воведува диктатура и се ограничува демократијата, а демократијата не се ограничува со легитимна примена на Деловникот. Всушност, тоа е предвидено во Деловникот. Нека каже некој доказ зошто тоа не може да се примени.

Согласно мислењето на комисијата за деловнички прашања која според нејзината ингеренција го достави до Собранието, амандманскиот претрес и општиот претрес се во рамкит ена една точка на дневен ред. И затоа, ограничувањето на одредбата на членот 83 се однесува за овие две прашања. Не можете вие произволно да го толкувате Деловникот и да вршите разграничување на овие прашања.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Процедурално, има збор г-динот Кенан Хасипи.

(Реакција на пратеници)

Не е тоа реплика па да ве прозива, тоа е процедурално.

Повелете во име на пратеничката група г-дине Коце Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Господине претседател на Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања се обидовте од мојот говор да направите заплашување. Јас тоа што го кажав, го кажав и еве тоа се остварува. Не му било својствено на Парламентот досега за донесување на Буџетот да има ограничување на дискусиите и не му било својствено со толку процедурални прашања да се јавува опозицијата. Тоа е она што не е својствено за овој Парламент и ќе продолжи така се додека вие недозволите ние слободно да ги кажеме нашите образложенија по амандманот.

Вие како претседател на Комисијата, доколку сакате навистина првнички да го толкувате ова, сигурно ќе требаше да го споменете и членот 168, во кој што одредена материја која што е општо кажана со членот 83, во член 168 стриктно и децидно се однесува на амандманите. Значи, нешто и во правната регулатива, ако тоа што е стриктно кажано е над тоа што е општо кажано, бидејќи во тоа стриктно кажаното во членот 168 е многу појако во кое вели дека всушност не е ограничена дискусијата на пратениците, туку е ограничена дискусијата само на предлагачот на законот и на известителот на комисијата. Доколку сакате до крај да ограничувате и да одите по Деловник, тогаш одете по деловникот и согласно член 168 по секој амандман се отвора расправа и тогаш ограничувајте. Не можете вака анблок, го рушите членот 168.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Кенан Хасипи.

КЕНАН ХАСИПИ:

Благодарам господине пртседателе,

Јас ќе направам еден исклучок и во иднина кога ќе се обраќам пред ова Собрание ќе стојам од едноставна причина што тоа е во манирот на земјите со напредната демократија, од една страна и второ, се покажува респект кон институцијата претседател на Собранието.

Втора работа: Согласно ставот 1 на член 66 од Уставот, Собранието е во постојано заседание и безпредметни се расправите зошто се работи во Сабора и недела. Доколку има потреба од тоа, Собранието ќе работи во тие неработни денови.

Трета работа: бидејќи во последниве две недели на видело се гледа дека дел од опозицијата покажува елемантарна негрижа за државните интереси, уште повеќе за еден финансиски акт највисок во државата од кој зависи идното функционирање на овој систем (реакции од некои пратеници). Дозволете да се искажам, јас ве слушав цело време.

Сакам од вас како претседател стриктно да се придржувате на член 87 од Деловникот, кој ви дава за право доколку констатирате дека некој зборува надвор од нивниот ред или не дискутира по точката на дневен ред, или доколку се работи за расправа по текст на законот, а се враќа на општа расправа, после едно опоменување да му го одземете зборот. Само на тој начин ќе работиме во согланост со деловникот и ќе воведеме ред во ова Собрание.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Процедурално за збор се јавува г. Крстевски.

ЗОРАН КРСТЕВСКИ:

Г-дине претседателе, вообичаено се вели, двајца правници три мислења. Овде тоа се случи своеволно да се толкува Деловникот, иако повеќе од јасно е дека мораше да се примени членот 168 од Деловникот и во расправата по амандманите да се дозволи дискусија односно изјаснување на сите пратеници. Инаку не мора ни да постои Деловник. Тгаш логиката на ограничувањето требало да ни овозможи, кога сме зборувале по 10 минути, да ни биде дадено право да ги толкуваме и амандманите, бидејќи тие две псотапки во Деловникот се одвоени. Логички се наметнува таква поделба, да речам во дебатата, бидејќи се знае кој може да биде овластен предлагач. Мислам, компромисот може само да биде, во вторник да ја затвориме расправата, а сега да не го губиме времето, да тргнеме, бидејќи има многу амандмани, веројатно во текот на расправата некој од предлагачите и ќе се откажат заради претходното толкување на други амандмани и се ќе биде во ред. На вас е да направите потег . Никој друг не е во прашање туку вие.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-дине Крстевски, јас го толкувам Деловникот така како што е напишан, и член 83. Вие сте во право дека има посебен член . Таму точно пишува дека се отвора претрес и никој на никого не му скратува да го отвори претресот, ако своето време во својата расправа не го потрошил, ама тоа не сака да се прифати.

Јас уште еднаш повторувам, бидејќи предлагачот на амандманот по член 83 има право 15 минути да зборува, предлагам, секој поднесувач на амандман, како предлагач да има 5 минути право да зборува, да го образложи амандманот, а ако не е тука предлагачот, некој од пратеничката група да го образложи амандманот. Мислам дека тоа е сосема коректно. Инаку јас ќе го прекршам Деловникот ако членот 83 не го спроведам.

Има збор г. Слободан Чашуле.

СЛОБОДАН ЧАШУЛЕ:

Јас не само од почит кон г. Кенан Хасипи, но кон сите вас доаѓам постојано овде да зборувам, не заради театралност затоа што сметам дека тоа си го должиме едни на други.

Г-динот министер има право. Јас станувам повеќе во поддршка на буџетот на државата, иако тој е задолжен да ни го предложи и да го спроведе.

Ние треба да го донесеме овој буџет. Треба да го донесеме на најдобар можен начин. Отаму без многу да филозофирам и да навлегувам во овој спор кој не води никаде, претседателот треба да го спроведува Деловникот, а ние сме дел од тој Деловник бидејќи ние го спроведуваме истото на кое ниекои наши колеги, во континуитетот на оваа наша држава , се обврзале. Ние сме тие кои решаваме во крајна инстанца, да гласаме за член 168 и по него да работиме. Ако работевме по него, досега ќе беше готово. Имаме предлог на Комисијата, имаме предлог на претседателот во својство на пратеник и јас како пратеник ви предлагам вака, а имате од една група на сериозни луѓе кои досега ја покажаа својата конструктивност во гласањето за сите закони, гласаа за и го направија ова Собрание едногласно. Ние ќе го донесеме буџетот на 30 декември.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-дине Чашуле, предлогот што е даден од моја страна односно од позицијата, за да се бајпасира, така да кажам, цврстиот став на член 83, а тоа е тоа што вие го барате, секој да се изјасни по пет минути, бидејќи тоа таму стои.

Има збор г. Чедомир Краљевски.

ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:

Почитувани колеги, дали е ограничено правото на пратеникот во бројот на поднесените амандмани. Одговорот е не.

Теоретска можност, ако јас поднесам 100 амандмани, а вие ми го ограничите правото на 10 минути, тогаш моите амандмани нема да бидат образложени. Значи ќе останат да висат во воздух. Одтука е нелогичноста на ограничувањето на времето на траењето на образложенкието на поднесувачот на амандманот

(реакции во салата)

Вкупното време вие ми го ограничувате на 10 минути, од почетокот на општата расправа кое се пренесува и на амандманска расправа.

Според би сакал да го замолам пртседателот, еве добивте јавно ветување од претседателот на партијата, добивате и јавно ветување од неколку пратеници, ако треба јас нема да дискутирам по ниеден од моите предложени амандмани, за да го испочитуваме она што ви го ветивме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Процедурално за збор се јави г. Ванчо Стаменков.

ВАНЧО СТАМЕНКОВ:

Почитуван претседателе, мислам дека понекогаш е попаметно да се признае грешката и да се продолжи седницата одколку упорно да се стои на ставот и да се греши. Гледате, во Деловникот има посебно посветено внимание на амандманите, во член 165, до член 171, посебно е обработена материјата амандмани и е дефинирана. Ние сега се ова го негираме, како да не постои во Деловникот, како да не е напишано, како да не е донесено во овој Парламент и водиме некој инает, може да се каже, а не сакаме да ја признаеме грешката и да продолжиме со работа. Ние веќе губиме еден цел ден. До сега сигурно амандманите ќе поминеа во Собранието и ќе го донесевме буџетот, бидејќи

знаеме дека по амандманска расправа дискусијата трае минута, две или три. Никој не може да дискутира по одредена стапка од буџетот подолго време. Дајте да прекинеме со оваа ситуација која нема да донесе ништо добро во Парламентот и во парламентарната демократија. Се виде дека е погрешна стратегијата на парламентарното мнозинство, со ограничувањето на дискусиите. Ваквото ограничување на дискусиите доведе до тоа опозицијата комплет да дискутира, сите пратеници да се јават. Ако беше обратното, можеби еден дел од пратениците немаше воопшто да зборуваат. Сега се доведува во прашање, и по некои точки по кои нема потреба од зборување, опозицијата да го користи правото да дискутира.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Последен процедурално се јавува г. Груевски и тука ќе завршиме со процедуралните забелешки.

НИКОЛА ГРУЕВСКИ:

Г-дине претседателе уште еднаш сакам да напоменам дека ние не бараме милостиња од вас, да ни дадете пет минути и немојте да си давате поголеми права од тие што ги имате. Ние бараме да овозможите демократско работење во овој Парламент. Ние ви ветивме дека на 30 декември ќе прекинеме со расправа и ќе се овозможи гласање. Можеби и порано. Незнаеме кој пратеник колку ќе говори. Повеќето ќе говорат и помалку од пет минути. Меѓутоа, навистина иритирачко е вашето однесување и незаконско, не деловничко и спротивно на Уставот, да ни ги ограничувате дискусиите воопшто да не зборуваме, или пак по ваша добра волја, заради ваша милостиња да ни дадете по пет минути. Ве молам, размислете уште еднаш за вашата одлука.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Многу погрешно го инпретирате мојот однос. Јас се држам до Деловникот, а г. Чашуле најде уште една можност во Деловникот, таа што се поклопува со предлогот, да се дискутира по пет минути за секој амандман.

Ве молам повеќе процедурални дискусии да нема.

Повелете г. Рамадани, бидејќи вие како член на една партија, до сега немавте можност како партија да се изјасните.

ИСМЕТ РАМАДАНИ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги,

На кровот на недоразбирањето треба да се направи еден џентлменски договор, но ова, се разбира без да се прекрши Делоникот.

Имам еден многу конкретен предлог.

Со самиот факт според член 83 од Деловникот на Собранието, поминавме на гласање и донесовме одлука да има по 10 минути дискусии односно 15 минути за координаторите на парламентарните групи, што значи дека од моментот кога е ограничена дискусијата на 10 и на 15 минути, ние работевме со одлука, што значи дека целата дебата беше во рацете на одлуката што ја донесе Парламентот. Бидејќи се работи со одлука овој Парламент таа одлука може да ја надополни или да ја измени. Што значи ова? Ова значи дека не треба да предложи претседателот, туку можеме да предложиме и ние еден од опозицијата и еден од позицијата. Сигурно тој што е од позицијата ќе предложи за амандманите да се дискутира со утврдена минутажа, додека од опозицијата ќе се предложи без утврдена минутажа, или без да се ограничи времето. Значи ќе имаме два предлози и ова е многу логично во овој случај. Значи ќе имаме два предлози, Предлогот кој ќе го добие мнозинството дава можност за дебата во врска со амандманите кои ни останаа да ги дебатираме.

Овој предлог е од еден човек кој нема никаква лоша намера за да даде ветувања дека може вака и онака да се работи. Кој како сака тоа нека го толкува, но во оваа состојба немаме друг излез.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Јас го прифаќам предлогот на г. Исмет Рамадани и ги повикувам координаторите на сите пратенички групи, во Охридска сала да се договориме и овој проблем да разрешиме.

Давам пауза од половина час.

По паузата седницата продолжи со работа во 18,5 часот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Пред да почнеме, сакам да го информирам Собранието од координацијата, сакам да предложам до Собранието да се работи и по 18,00 часот.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Се повикувам на Деловникот на Собранието на Република Македонија на членот 64, став 4 кој вели седницата на Собранието се одржува во времето од 10,00 до 17,00 часот со пауза од 1 час за ручек, ако Собранието за оделни седници поинаку не одлучи.

Со оглед на тоа што помина времето 17,00 часот, барам да се прекине седницата иутре да продолжиме со работа, бидејки веќе седницата заврши.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Бидејки седницата заврши ја закажувам седницата во 18,5 минути.

Дозволете сега да ве информирам за резултатите од координацијата помеѓу пратеничките групи. Се собравме за да се усогласимеи да излеземе од еден ќорсокак и притоа позицијата предложи врз основа на тоа што опозицијата даде ветување дека во понеделник ќе се заврши расправата за Буџетот до 30, позицијата излезе со предлог таа расправа за Буџетот се заврши утре до крај на работното време до 18,00 часот. Тоа е последен компромис каде што нема да бидат ограничувани временски расправите околу амандманите. Тоа како претседател го сметам како еден доста фер предлог, бидејки опозицијата предложи дека до 30 не само Буџетот, туку и сите пропратни закони за Буџетот ќе бидат донесени. Позицијата стоеше на став дека ако е тоа така тогаш е уште поверојатно и добар е нивниот предлог утре и во вторник на 30 да ги донесеме и другите пропратни закони со што ќе бидат исполнети и барањата на опозицијата, а исто така и на позицијата и со тоа ќе излеземе од овој ќорсокак. Опозицијата не го прифати тој предлог и сега ние продолжуваме со седницата. Сега има друг предлог од опозицијата. Повелете госпоа Каровска Топузовска.

РОЗА ТОПУЗОВА КАРОВСКА:

Почитуван претседателе сакам да предложам нешто со оглед на тоа дека овдека долго време го толкувавме членот 83, а имавме и мислење од Комисијата , но сепак опозицијата не се сложува и смета дека и се ускратува правото на македонската јавност да и се обрати и ги образложи амандманите што ги поднела.

Имам предлог да и дадеме можност на опозицијата да го стори тоа да се обрати предлагачот на амандманот, или еден од предлагачите, доколку има повеќе, за еден амандман за време од 5 минути. Тоа е мојот предлог.

Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Предлогот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Пратениците од ВМРО-ДПМНЕ ја напуштаат салата.

Ве молам службите да го утврдат бројот на присутните пратеници.

Ве молам во салата има доволн број присутни пратеници и да го извршиме гласањето.

Гласале вкупно 61 пратеник, 60 за гласале, не се воздржал ниеден, а 1 гласал против.

Со тоа предлогот е усвоен.

Основот на предлогот е бидјеки одлуката за ограничување на дискусијата е одлука на Собранието, со ова таа одлука се дополнува.

Према тоа , има деловничка основа за да се гласа едно вакво барање.

Владата на  Република Македонија  поднесе амандман на разделот 4001 Програма 20 поставка 401216, потставка 40 потставка 402 раздел 601.

Законодавно-правната комисија поднесе амандман за менување на член 5, со кој се согласил претставникот на Владата и тој е составен дел на текстот на предлогот на Буџетот на  Република Македонија  за 2004 година.

Пратеникот Никола Апостоловски поднесе амандман на раздел 09002 Програма 12 ставка 467, 471 и 471117.

Пратениците Љупчо Мешков, Ристана Лалчевска и Слободан Даневски поднесоа амандман на раздел 0601 Програма 12, ставка 46, потставка 46811 за додавање нова потставка 468115 и на раздрл 09002 Програма 12 ставка 443, потставка 443717 по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Зоран Заев поднесе амандман на раздел 14002 Програма 14 ставка 424 за отварање поткатегорија 427, ставка 471 и за додавање нова потставка за трансфери и поттикнување на инвестиции по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Зоран Шапуриќ поднесе амандман на раздел 0902 Програма 12, ставка 427 потставка 427/14 и на раздел 02002 Програма 12.

Пратениците Љупчо Мешков и Слободан Даневски поднесоа амандман на раздел 16001, Програма 14 ставка 426 и на раздел 05001 Програма 12 ставка 463 потставка 463218 по кои Владата не се произнела .

Комисијата за наука и спорт поднесе амандман на раздел 6001 Програма 17 ставка 443 потставка 443714 раздел 04002 Програма 11, ставка 426 и на раздел 16001 по кои Владата не се произнела .

Процедурално има господинот Коце Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Претседателе согласно Деловникто барам пауза од еден час да се договориме , или пак да ја прекинете седница .

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам позицијата да биде тивка.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Значи ќе ве молам или да ја прекинете седницата затоа што 18,00часот помина и наместо од 10,00 да работиме до 17,00 часот, работиме од 11,00 часот до 18,00 часот. Значи во тоа време ако не ја продолжите да ја прекинете и утре да ја продолжиме во нормално време или пак барам пауза од еден час за да можеме да се договориме за понатамошната работа.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Јас ја прекинав седницата и закажав нова. Бидејки тоа ми е деловничко право.

Комисијата за образование и наука и спорт поднесе амандмани на раздел 1601 Програма 17 ставка 443 потставка 443714 раздел 04002 Програма 11 ставка 426 и на раздел 16001 Програма 12 ставка 463 потставка 463112 по кои Владата не се произнела .

Пратеникот Владо Паунков поднесе амандман на раздел 14001, Програма 16 ставка 467 потставка 467216 и на раздел 14001 Програма 16 ставка 471 потставка 471119 по кои Владата не се произнела .

Пратеникот Џевдет Насуфи, Замир Дика, Илјаз Халими, Ружди Матоши и Фатмир Асани поднесоа амандмани на раздел 16001 Програма 14 и на раздел 05001 раздел 09002 Програма 12 ставка 443 потставка 443818 и на раздел 04001 Програма 20 и на раздел 18010 по кои Владата не се произнела . Пратеникот Иван Анастасовски поднесе амандмани на раздел 16101 Програма 13 ставка 443 потставка 443 515 и на раздел 01001 Програма 11 ставка 427 потставка 427122 и раздел 16101 Програма 13 ставка 442 потставка 442113 раздел 16001 Програма 14 ставка 427 потставка 427123 раздел 0903 Програма 11 ставка 443 потставка 443717 по кои Владата не се произнела .

Пратеникот Замир Дика поднесе амандман на раздел 09002 Програма 12 ставка 472 потставка 472112 и на раздел 09002 Програма 12 ставка 443 потставка 443717 по кои Владата не се произнела .

Пратеникот Илјаз Халими поднесе амандман на раздел 09002 Програма 12 ставка 471 потставка 471113 и на раздел 05001 Програма 12 ставка 463 потставка 463218 по кои Владата не се произнела .

Пратеникот Аднан Ќахил поднесе амандмани на раздел 16001 Програма 17 ставка 443 потставка 443714 и на раздел 0402 Програма 11 ставка 426 на раздел 16001 Програма 18 ставка 463 потставка 463212 на раздел 16001 Програма 13 ставка 463 потставка 463212 на раздел 16001 Програма 13 ставка 441 потставка 441511 и на раздел 16001 Програма 12 ставка 428 потставка 428112 на раздел 16001 Програма 12 ставка 425 потставка 425217 раздел 16001 Програма 13 ставка 463 потставка 463212 и раздел 09002 по кои Владата не се произнела .

Пратеникот Марјан Ѓорчев поднесе амандмани на раздел 14001 Програма 12 ставка 467 потставка 467212 и раздел 09002 програма 12 ставка 467 потставка 467121 и на раздел 14001 Програма 13 ставка 471 потставка 471114 и раздел 0902 Програма 12 ставка 443 потставка 443717 по кои Владата не се произнела .

Пратеникот Ѓорѓи Трендафилов поднесе амандмани на раздел 05001 Програма 14 ставка 463 потставка 463215 и раздел 05001 Програма 11 ставка 427 потставка 427122

раздел 05001 Програма 12 ставка 427, потставка 427116 и раздел 05001 Програма 11 и ставка 426 потставка 426718 раздел 19301 Програма 11 ставка 426 потставка 426 511 и раздел 090..

(Пратениците од ВМРО-ДПМНЕ цело време тропаа по масите)

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Господине претседателе во името на пратеничката група барам 15 минути пауза, да ни овозможите за да се договориме како понатаму да продолжиме со работа.

ЉУПЧО ЈОРДАОВСКИ:

Ве молам да ги прочитам амандманите и птоа ќе добиете 15-ет минутна пауза бидејки деловнички морам да ги прочитам.

Ве молам да ги завршам само амандманите.

Процедурално се јави Славица Грковска.

СЛАВИЦА ГРКОВСКА:

Почитуван претседателе,почитувани колеги пратеници денеск ацел ден сме сведоци дека не можеме да се договориме како колеги во Собранието на кој начин да продолжиме со работата, со оглед на тоа што се наоѓаме во ситуација за прв пат да применуваме член од новиот Деловник за работа на Собранието. Мислам дека на сите ни е јасно зошто се најдовме во ситуација да го применуваме тој член на Деловникот.

Со оглед на тоа што после толку масовна дискусија и договори помеѓу координаторите н апратеничките групи, не успеавме да најдеме некој заеднички договор кој што ќе биде прифатлив за сите, а со оглед на тоа што ние бевме согласни и го прифативме укажувањето на опозицијата дека не сметала дека членот 83 се однесува на комплетната расправа по точката од дневниот ред, што значи од почетокот до крајот до завршувањето на точката на дневниот ред госпоѓата Роза Топузовска Каровска даде еден предлог кој што ние го подржавме еден од предлагачите на амандманите да има право и да може да го образложи амандманот во рок на траење од 5 минути.

Јас не гледам, со оглед на тоа како цел ден се одвиваше договорот помеѓу координаторите на пратеничките групи, не гледам дека било која наредна пауза може да биде во функција на дизблокада на Собранието. Очигледна е целта на опозицијата и со начинот на кој се однесува и во овие моменти од Собранието и на начин на кој што се однесуваше во претходниот период дека целта е единствено блокада на Собранието, опструирање на донесувањето на Буџетот на  Република Македонија  и неможност на донесување на економските закони што треба да се донесат до 31 декември оваа година.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Пратеникот Ѓорѓи Трендафилов поднесе амандмани на Раздел 05001 Програма 14 ствка 463, потставка 463215 ...

(Пратениците од ВМРО-ДПМНЕ бараат збор процедурално).

... и Раздел 05001 Програма 11 ...

(Пратеникот Ганка Самоиловска Цветановка се упатува кон говорницата барајќи збор процедурално).

Не, не можам само 15 минути што баравте пауза.

15 минути пауза.

(По паузата седницата продолжи со работа во 18,50 часот).

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Продолжуваме со амандманска расправа.

(Процедурално бара збор пратеникот Ганка Самоиловска Цветанова).

Процедурално, повелете да ја објасните паузата од 15 минути госпоѓо Самоиловска Цветанова Ганка.

ГАНКА САМОИЛОВСКА ЦВЕТАНОВА:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитувани членови на Владата,

Сакам да ви кажам дека денеска наместо конструктивно да работиме, навлеговте во лавиринтот на правни толкувања на Деловникот и негова селективна и недемократска примена.

Пратеникот не може да биде замолчен. Опозицијата не може да биде замолчена. Тоа е нејзино уставно и деловничко право.

Ни рековте дека изгубивме цел ден во договарање. Ние нема да прифатиме договори кога се во прашање демократските права на пратениците.

Демократијата не може да биде ограничувана и не може да биде дозирана. И ние нема да дозволиме и нема да прифатиме договори во колкава мера ќе ја дозираме демократијата. Демократијата или постои или како во овој случај не постои.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Продолжуваме.

Пратеникот Ѓорѓи Трендафилов поднесе амандмани на Раздел 05001 Програма 14 ставка 463 потставка 463215 ...

(пратениците од ВМРО-ДПМНЕ почнуваа да тропаат по масите и тоа тропање продолжува се додека претседателот ги чита амандманите)

... и Раздел 05001 Програма 11 ставка 427 потставка 427122; Раздел 05001 Програма 12 ставка 427 потставка 427116 и Раздел 05001 Програма 11 ставка 426 Потставка 426718; Раздел 19301 Програма 11 ставка 426 потставка 426511 ...

(покрај тоа што пратениците од ВМРО-ДПМНЕ не престануваат да тропаат, сега почнуваат и со свирење од свирчиња кое е непрекинато се додека претседателот ги чита поднесените амандмани)

... и Раздел 09002 Програма 12 ставка 473 потставка 473111; Раздел 19301 Програма 11 ставка 443 потставка 443611 и Раздел 09002 Програма 12 ставка 473 потставка 473111; Раздел 06001 Програма 12 ставка 468 потставка 468111 и Раздел 09002 Програма 12 ставка 463 потставка 463212; Раздел 07001 Програма 11 ставка 443 потставка 443417 и Раздел 09002 Програма 12 ставка 428 потставка 428112 и на Раздел 29010 Програма 12 ставка 401 потставка 401221 и Раздел 09002 Програма 12 ставка 428 потставка 428112, по кои Владата не се произнела.

(Покрај тропањето и свирењето пратениците почнуваат на глас да викаат "демократија, демократија").

Пратеникот Михајло Георгиевски поднесе амандмани на Раздел 18010 Програма 16 ставка 443 потставка 443616 и Раздел 09002 Програма 13 ставка 467 потставка 467121; Раздел 20001 Програма 11 ставка 442 потставка 442119 и Раздел 09001 Програма 20 ставка 443 потставка 443717; Раздел 16001 Програма 17 ставка 443 потставка 443714 и Раздел 09002 Програма 12 ставка 428 потставка 428112; ...

(Повторно пратениците покрај тропањето и свирењето извикуваат "демократија, демократија")

... на Раздел 16001 Програма 17 ставка 442 потставка 442117 и Раздел 09002 Програма 12 ставка 427 потставка 427112 и на Раздел 16001 Програма 17 ставка 442 потставка 442118 и Раздел 09002 Програма 12 ставка 427 потставка 427112, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Силвана Бонева поднесе амандмани на Раздел 18010 Програма 11 ставка 443 потставка 443611 и Раздел 09001 Програма 20 ставка 443 потставка 443717; Раздел 18010 Програма 13 ставка 443 потставка 443613 и Раздел 09002 Програма 12 ставка 428 потставка 428112; Раздел 18010 Програма 12 ставка 443 потставка 443612 и Раздел 09001 Програма 20 ставка 443 потставка 443717; Раздел 18010 Програма 14 ставка 443 потставка 443614 и Раздел 09002 Програма 13 ставка 462 потставка 462112; Раздел 19001 Програма 11 ставка 441 потставка 441318 и Раздел 09001 Програма 20 ставка 443 потставка 443717 и на Раздел 18010 Програма 15 ставка 443 потставка 443615 и Раздел 09002 Програма 13 ставка 467 потставка 467121, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Ванчо Стаменков поднесе амандмани на Раздел 10001 Програма 17 ставка 427 потставка 427116 и Раздел 09002 Програма 12 ставка 427 потставка 427122; Раздел 09005 Програма 11 ставка 463 потставка 463212 и Раздел 09004 Програма 11 ставка 426 потставка 426614; Раздел 09005 Програма 11 ставка 426 потставка 426511 и Раздел 09002 Програма 12 ставка 442 потставка 442113; Раздел 19101 Програма 13 ставка 426 потставка 426511 и Раздел 09002 Програма 12 ставка 428 потставка 428112; Раздел 12101 Програма 13 ставка 465 потставка 465111 ...

(Повторно паралелно со непрекинатото тропање и свирење повторно се извикува "демократија, демократија")

... и Раздел 12101 Програма 13 ставка 426 потставка 426713; Раздел 09005 Програма 11 ставка 463 потставка 463212 и Раздел 09004 Програма 11 ставка 426 потставка 426614, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Орданчо Тасев поднесе амандмани на Раздел 12101 Програма 12 ставка 471 потставка 471119 и Раздел 12101 Програма 12 ставка 468 потставка 468115; Раздел 14001 Програма 16 ставка 471 потставка 471114 и Раздел 09002 Програма 12 ставка 427 потставка 427119; Раздел 09002 Програма 12 ставка 443 потставка 443722 и Раздел 09002 Програма 12 ставка 463 потставка 463212; Раздел 09004 Програма 11 потставка 469111 и Раздел 19101 Програма 11 потставка 426716 и на Раздел 09002 Програма 12 потставка 443722 и Раздел 08001 Програма 11 потставка 426811, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Блаже Стојаноски поднесе амандмани на Раздел 15010 Програма 11 ставка 443 потставка 443411 и Раздел 09002 Програма 12 ставка 428 потставка 428112; ...
(покрај непрекинатото тропање и свирење повторно се извикува “демократија, демократија”)
... Раздел 15020 Програма 11 ставка 443 потставка 443414 и Раздел 09002 Програма 13 ставка 462 потставка 462112; Раздел 29010 Програма 12 ставка 427 потставка 427119 и Раздел 09002 Програма 12 ставка 428 потставка 428112; Раздел 29010 Програма 12 ставка 467 потставка 467119 и Раздел 09002 Програма 12 ставка 428 потставка 428112; и на Раздел 29010, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Илија Србиновски поднесе амандмани на Раздел 10001 Програма 12 ставка 465 потставка 465111 и Раздел 09002 Програма 12 ставка 427 потставка 427122; Раздел 14001 Програма 14 ставка 463 потставка 463212 и Раздел 09002 Програма 12 ставка 427 потставка 427122 и на Раздел 19301 Програма 11 ставка 443 потставка 443813 и Раздел 09002 Програма 12 ставка 428 потставка 428112, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Љубе Бошкоски поднесе амандмани на Раздел 15020 Програма 11 ставка 443 потставка 443415 и Раздел 09001 Програма 11 ставка 427 потставка 427122 и на Раздел 06001 Програма 12 ставка 424 потставка 424417 и Раздел 09002 Програма 12 ставка 463 потставка 463212, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Слободан Чашуле поднесе амандмани на Раздел 19201 Програма 11 ставка 427 потставка 427116 и Раздел 09002 Програма 12 ставка 428 потставка 428112; Раздел 19201 Програма 12 ставка 443 потставка 443611 и Раздел 09002 Програма 12 ставка 467 потставка 467121; Раздел 19201 Програма 11 ставка 427 потставка 427116 и Раздел 09002 Програма 12 ставка 467 потставка 467121 и на Раздел 08001 Програма 12 ставка 427 потставка 427122 и Раздел 04001 Програма 20 ставка 443 потставка 443717, по кои Владата не се произнела ...

(Покрај непрестаното тропање и свирење се довикува “оставка, оставка”)

Пратеникот Спиро Мавровски поднесе амандмани на Раздел 16101 Програма 13 ставка 442 потставка 442114 и Раздел 09002 Програма 12 ставка 427 потставка 427112; Раздел 16101 Програма 12 ставка 427 потставка 427121 и Раздел 09001 Програма 20 ставка 443 потставка 443717 и на Раздел 12101 Програма 14 ставка 465 потставка 465211 и Раздел 12101 Програма 14 ставка 426 потставка 426316, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Ѓорѓи Оровчанец поднесе амандмани на Раздел 19001 Програма 11 ставка 441 потставка 441317 и Раздел 09001 Програма 20 ставка 443 потставка 443717; Раздел 16001 Програма 12 ставка 443 потставка 443514 и Раздел 09002 Програма 13 ставка 462 потставка 462112; Раздел 16001 Програма 14 ставка 443 потставка 443216 и Раздел 09002 Програма 12 ставка 467 потставка 467121 и на Раздел 19001 Програма 11 ставка 441 потставка 441311 и Раздел 09002 Програма 12 ставка 473 потставка 473111, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Коце Трајановски поднесе амандмани на Раздел 10001 Програма 17 ставка 427 потставка 427117 и Раздел 09002 Програма 12 ставка 427 потставка 427122; Раздел 05001 Програма 12 ставка 464 потставка 464114 и Раздел 09002 Програма 12 ставка 427 Потставка 427114; Раздел 10001 Програма 17 ставка 427 потставка 427116 и Раздел 10001 Програма 12 ставка 443 потставка 443822; Раздел 12101 Програма 14 ставка 465 потставка 465111 и Раздел 12101 Програма 14 ставка 426 потставка 426316; Раздел 06001 Програма 14 ставка 463 потставка 463214 и Раздел 09002 Програма 12 ставка 473 потставка 473111; Раздел 02001 Програма 12 ставка 426 потставка 426511 и Раздел 22001 Програма 11 ставка 427 потставка 427113; Раздел 10001 Програма 12

потставка 466113 и Раздел 09002 Програма 12 потставка 427122; Раздел 13001 Програма 11 ставка 472 потставка 472112 и Раздел 09002 Програма 12 ставка 467 потставка 467121, Раздел 14001 Програма 16 ставка 467 потставка 467216 и Раздел 04002 Програма 11 ставка 468 потставка 468111 и на Раздел 15020 Програма 11 ставка 443 потставка 443412 и Раздел 09002 Програма 12 ставка 428 потставка 428112, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Илија Китановски, поднесе амандмани на раздел 09001 Програма 11 ставка 468 потставка 468111 и раздел 09002 Програма 12 ставка 442 потставка 442111 и на раздел 19101 Програма 13 ставка 426 потставка 426712 и раздел 09002 Програма 12 ставка 467 потставка 467121 по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Марија Којзеклиска поднесе амандмани на Раздел 16001, Програма ставка 441 поставка 441313 и раздел 09002 Програма 13 ставка 467 потставка 467121, раздел 19001 Програма 11 ставка 441 потставка 441322 и раздел 09002 Програма 12 ставка 428 потставка 428112 раздел 13001 Програма 11 ставка 471 потставка 471117 и раздел 09002 Програма 12 ставка 467 и потставка 467121 и на раздел 13001 Програма 11 ставка 471 потставка 471117 и раздел 09002 Програма 12 ставка 428 потставка 428112 по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Ѓорѓе Паљошковски поднесе амандмани на раздел 12101 Програма ставка 465 потставка 465211 и раздел 12101 Програма 12 ставка 426 потставка 426718 и на раздел 19001 Програма 11 потставка 441314 и раздел 09002 Програма 12 потставка 463212, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Ганка Самоиловска-Цветанова, поднесе амандмани на раздел 08001 Програма 12 ставка 427 потставка 427122 и раздел 04001 Програма 20 ставка 465 потставка 465111 и на раздел 13001 Програма 11 ставка 468 поставка 467113 и раздел 09002 Програма 13 ставка 467 потставка 467121, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Чедомир Краљевски поднесе амандман на раздел 29010 Програма 12 ставка 421 потставка 421111 и раздел 09002 Програма 12 ставка 428 потсавка 428112, раздел 29010 Програма 12 ставка 426 потставка 426411 и на Раздел 09002 Програма 13 ставка 467 потставка 467121 и на раздел 29010 Програма 12 ставка 422 потставка 422114

и на раздел 09002 Програма 12 ставка 428 потставка 428112, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Ефтим Манев поднесе амандмани на раздел 20010 Програма 12 ставка 423 потставка 423111 и раздел 09002 Програма 12 ставка 428 потставка 428112, раздел 29010 Програма 12 ставка 424 потсатвка 424112 и раздел 09002 Програма 13 ставка 467 потставка 467121, раздел 29010 Програма 12 ставка 426 потставка 426412 и раздел 09002 Програма 13 ставка 467 потставка 467121 и на раздел 07001 Програма 11 потставка 468111 и раздел 04002 Програма 11 потставка 463111, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Жарко Караџоски, поднесе амандмани на раздел 07001 Програма 11 ставка 427 потставка 427114 и раздел 09002 Програма 12 ставка 427 потставка 427114 и на раздел 07001 Програма 12 ставка 467 потставка 467119 и раздел 07001 Програма 11 ставка 467 потставка 467119, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Љупчо Балковски, поднесе амандмани на раздел 06001 Програма 12 ставка 424 потставка 424413 и раздел 09002 Програма 12 ставка 427 потставка 427112, раздел 04008 Програма 11 ставка 426 потставка 426513 и раздел 08001 Програма 12 ставка 426 потставка 426718 раздел 12101 Програма 12 ставка 467 потставка 467213 и раздел 12101 Програма 12 ставка 427 потставка 427121 и на раздел 12101 Програма 11 ставка 463 потставка 463212 и раздел 12101 Програма 11 ставка 427 потствка 427112, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Силвана Бонева и Ѓорѓе Паљошковски поднесоа амандмани на раздел 13001 Програма 11 ставка 467 потставка 467212 и раздел 13001 Програма 11 ставка 467 потставка 467121 раздел 15020 Програма 11 ставка 443 потставка 443415 и раздел 13001 Програма 11 ставка 467 потставка 467211 и раздел 09002 Програма 13 ставка 467 потставка 467117 и на раздел 13001 Програма 11 ставка 467 потставка 467121 и раздел 13001 Програма 11 ставка 471 потставка 471117, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Сашко Ќедев, поднесе амандмани на раздел 19001 Програма 11 ставка 441 потставка 441312 и раздел 09001 програма 20 ставка 427 потставка 427122 раздел 16001 Програма 15 ставка 443 потставка 443515 и раздел 09002 Програма 12 ставка 428

потставка 428112 и на раздел 16001 Програма 14 ставка 465 потставка 465211 и раздел 09002 Програма 12 ставка 467 потставка 467121, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Жарко Караџоски и Блаже Стојаноски поднесоа амандмани на раздел 16001 Програма 12 ставка 467 потставка 467121 и раздел 09002 Програма 12 ставка 428, потставка 428111 раздел 13001 Програма 11 ставка 468 потставка 468113 и раздел 09002 Програма 12 ставка 443 потставка 443717 и на раздел 14001 Програма 11 ставка 443 потставка 443721 и на раздел 09002 Програма 12 ставка 443 поставка 443818, по кои Владата не се произнела.

Комисијата за култура поднесе амандман на раздел 02001 Програма 11 ставка 426 раздел 04002 Програма 11 ставка 426 и на раздел 09002 Програма 12 ставка 443 потставка 443717, по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на раздел 09002 Програма 12 ставка 467 потставка 467121 и на раздел 09002 Програма 12 ставка 471 потставка 471117, поднесен од пратеникот Никола Апостоловски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Никола Поповски.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам господине претседател, овој амандман нема да го прифатиме затоа што средствата за овие намени се предвидени во Министерството за транспорт и врски, каде што со програмата годишно се утврдува како се распределуваат средствата. Врз основа на тоа Владата ќе донесе програма и ќе се определат средства за таа намена.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор?(Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претерсот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 62 пратеници, за гласале 2 пратеници, воздржани нема, ;против гласале 60 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на раздел 09002 Програма 12 ставка 467 потставка 467121 и на раздел 09002 Програма 12 ставка 471 потставка 471117, поднесен од пратеникот Никола Апостоловски.

Отворам претрес по амандманот на раздел 06001 Програма 12 ставка 468 потставка 468111 за додавање нова потставка 468115 и на раздел 09002 Програма 12 ставка 443 потставка 443717, поднесен од пратениците Љупчо Мешков, Ристана Лалчевска и Слободан Даневски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Амандманот не се прифаќа, а средства за оваа намена, доколку дојде до ситуација границата со нашиот северен сосед се одбележи, веднаш ќе бидат обезбедени од функции на државата така што нема потреба за страв дека нема да има средства за таа намена и затоа амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Не се јави ниеден од предлагачите, а ние тоа го изгласавме. Ни еден од предлагачите не се јави за збор, а ние претходно го изгласавме тоа.

Го заклучувам претресот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 66 пратеници, за амандманот не гласал никој, воздржан нема, против гласале 66 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 14002 Програма 14 ставка 424 за отворање поткатегорија 47 ставка 471 и за додавање нова потставка трансфери за поттикнување на инвестиции во раноградинарското производство и на раздел 14001 Програма 12 ставка 467 потставка 467212 поднесен од пратеникот Зоран Заев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор од предлагачите? (Никој)

Бидејќи, предлагачот не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 65 пратеници, за гласал 1 пратеник, воздржан гласал 1 пратеник, против гласале 63 пратеници.

Отворам претрес по амандманот на раздел 16001 Програма 14 ставка 426 и на раздел 05001 Програма 12 ставка 463 потставка 463218, поднесен од пратениците Љупчо Мешков и Слободан Даневски.

Дали некој од предлагачите на амандманите бара збор? (Никој)

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој од предлагачите бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претерсот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикуваме да гласаме.

Гласале 63 пратеници, ниеден за, воздржан ниеден пратеник, 63 пратеници гласале против.

Отворам претрес по амандманот на раздел 09002 Програма 12 ставка 427 потставка 427114 и на раздел 09002 Програма 12 ставка 443 потставка 443717, поднесен од пратеникот Зоран Шапуриќ.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа, затоа што средства за таа намена се обезбедени во буџетот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали предлагачот бара збор? (Не)

Бидејќи, предлагачот не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 61 пратеник, за амандманот нема гласано ниту еден пратеник, воздржано гласал 1, 60 пратеници гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 16001 Програма 17 ставка 443 потставка 443714 раздел 04002 Програма 11 ставка 426 и на раздел 16001 Програма 12 ставка 463 потставка 463112, поднесен од Комисијата за образование,наука и спорт.

Го молам претставникот на Владата да се ;произнесе.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам господине претседтеле.

Владата е расположена овој амандман да го прифати и нудиме една промена. Доколку предлагачот се согласува износот од 83, наместо да се замени со износот 138, да се замени со износот 108, тоа значи зголемување од 25 милиони , ние сме спремни тие средства да ги обезбедиме од разделот 09002 Програма 12 ставка 443 потставка 443717 и други неспомнати трансфери. Доколку предлагачот на амандманот се согласува со таквата измена на амандманот, ние сме спремни да го прифатиме.

СОЊА ЛЕПИТКОВА:

Почитувани колеги пратеници, почитуван министер, Комисијата за образование, наука и спорт е една од ретките предлагачи на амандмани за промена во ставката на Буџетот чиј што амандман во вака позамашна сума е прифатен од страна на Владата. Јас навистина како известител и претседател на комисија можам само да изразам задоволство од ваквиот однос на министерот за финансии, затоа што Комисијата стратешки работеше на овој проблем, го увиде проблемот и едноставно посочи ставката за наука посебно делот на науката како развојна компонента во функција на државата ќе работиме и натаму со идните буџети да биде секогаш покачување. Од тие причини го

прифаќам овој предлог на Владата и се надевам дека ова е на општо задоволство на луѓето во науката и на членовите на Комисијата.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Бидејќи предлагачот се согласи, станува составен дел од Законот за буџет.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 14001 Програма 16 ставка 467 потставка 467216 и на Раздел 14001 Програма 16 ставка 471 потставка 471119, поднесен од пратеникот Владо Паунков.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Овој амандман е поднесен за да се обезбедат средства за заштита на Дојранското Езеро и за функционирањето на хидросистемот. Со оглед дека Владата обезбеди средства од други извори, а не од Буџетот за покривање на струјата за функционирање на хидросистемот на Дојранското Езеро кој е еден од главните трошковни елементи во функционирањето на тој систем, овој амандман не го прифаќаме и укажуваме дека средствата за оваа намена се обезбедуваат од други позиции кои не се од Буџетот. Од тие причини Владата не го прифаќа амандманот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали предлагачот бара збор?

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За амандманот не гласал ниту еден пратеник, воздржан нема, против гласале 62 пратеника.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 16001 Програма 14 и на Раздел 05001, поднесен од пратениците Џевдет Насуфи, Замир Дика, Илјаз Халими, Ружди Матоши и Фатмир Асани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Владата не го прифаќа амандманот затоа што тој технички е сосема неисправен и неспроведлив, а не ги прифаќа ни принципите на кои е заснован.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Предлагачот има право на пет минути, да образложи.

РУЖДИ МАТОШИ:

Благодарам господине претседател. Ние немаме услови за да ги одбраниме амандманите. Нема да зборуваме за нашите амандмани воопшто. Со оглед на тоа дека нема услови, ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикуам да гласаме.

За амандманот не гласал ниту еден пратеник, воздржани двајца, против 60 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 09002, Програма 12 ставка 443 потставка 443818 и на Раздел 04001 Програма 20, поднесен од пратениците Џевдет Насуфи, Замир Дика, Илјаз Халими, Ружди Матоши и Фатмир Асани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Бидејќи не се пријави ниту еден од предлагачите, амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 64 пратеници.

За амандманот не гласал ниту еден пратеник, воздржани двајца, против гласале 62 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 18010, поднесен од пратениците Џевдет Насуфи, Замир Дика, Илјаз Халими, Ружди Матоши и Фатмир Асани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господинот Ружди Матоши има збор за да го образложи амандманот 18010.

РУЖДИ МАТОШИ:

Ви благодарам господине претседател, јас би ве замолил, искрено господине претседател сакаме да имаме услови за работа. Во ваква состојба ние не можеме да работиме. Ве молам господине претседател ова е ваша процедура која вие треба да ја менаџирате, значи Парламентот да го менаџирате така како што треба. Ние имаме амандмани и сакаме да влијаеме со истите врз Буџетот. И не можеме на нашите граѓани да им укажеме како ќе влијаеме со нашите амандмани врз самиот Буџет. Затоа ве молам господине претседател да ни создадете услови за работа. Ве молам, вака не можеме да продолжиме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 59 пратеници, за амандманот не гласал ниеден пратеник, воздржани двајца, 57 против.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Во салата се присутни 84 пратеници.

Констатирам дека амандманот не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 16101 Програма 13 ставка 443 потставка 443515 и на Раздел 01001 Програма 11 ставка 427 потставка 427122, поднесен од пратеникот Иван Анастасовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали предлагачот бара збор?

Има збор Иван Анастасовски.

ИВАН АНАСТАСОВСКИ:

Јас овој амандман го повлекувам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 16101 Програма 13 ставка 442 потставка 442113 и на Раздел 01002 Програма 12 ставка 463 потставка 463218, поднесен од пратеникот Иван Анастасовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Аманот не се прифаќа, затоа што ништо суштински не менува од 32 милиони се зголемува на 33 милиони. Ништо суштински не менува. Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали предлагачот бара збор?

Збор има господинот Иван Анастасовски.

ИВАН АНАСТАСОВСКИ:

Јa прифаќам сугестијата на министерот и од тие причини го повлекувам амандманот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот се повлекува.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 16001 Програма 14 ставка 427 потставка 427123,, Раздел 21001 Програма 12 ставка 463 потставка 463211 и на Раздел 09003 Програма 11 ставка 443 потставка 443717, поднесен од пратеникот Иван Анастасовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Намените за кои господинот Анастасовски го има поднесено амандманот ќе се покријат од Буџетот. И затоа во оваа форма амандманот не го прифаќаме, а инаку намените Министерството ќе ги покрива во идната година.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор предлагачот на амандманот.

ИВАН АНАСТАСОВСКИ:

Со оглед на тоа што министерот го искажа ставот околу оваа намена за која јас ги барав средствата, го повлекувам и овој амандман.

Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 09002 Програма 12 ставка 472 потставка 472112 и на Раздел 09002 Програма 12 ставка 443 потставка 443717, поднесен од пратеникот Замир Дика.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа. За оваа намена средства се одвоени во друга позиција на Буџетот и од тие причини  оваа позиција не ја прифаќаме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали предлагачот  господинот Замир Дика бара збор?

Бидејќи предлагачот не бара збор, го заклучувам претресот и ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 62 пратеници, за гласал еден пратеник, воздржани еден, против 60 пратеници.

Констатирам дека амандманот не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 09002 Програма 12 ставка 471 потставка 471113 и на Раздел 05001 Програма 12 ставка 463 потставка 463218, поднесен од пратеникот Илјаз Халими.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот суштински ништо не менува и затоа не го прифаќаме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали предлагачот пратеникот Илјаз Халими бара збор?

ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:

Ве молам господине претседател да обезбедите услови за да можеме да работиме. Со оглед на фактот дека се создаде една многу затегната атмосфера каде е невозможно да се работи, барам да создадете услови да работиме на начин да се ислушаме. Во врска со амандманот кој го поднесов барам уште еднаш од претставникот на Владата да го прифати овој амандман. Доколку не создадете услови, ве молам да ставите крај на седницата и да продолжиме утре. Господине претседател ве молам доколку не можете да создадете услови за работа да ја затворите седницата и утре да почнеме со работа. Инаку јас ништо не разбирам тука. Уште еднаш барам да ми

обезбедите услови да се изјаснам. Јас неможам да зборувам. Мое парламентарно право е да се изјаснам. Вие можеби разбирате, меѓута јас не слушам, не разбирам. Јас неможам вас да ве слушнам. Обврска е на претседателот на Парламентот да ми создаде услови јас да говорам, или пак нека ја затвори седницата. Јас не сум виновен за тоа што тие протестираат. Тоа е нивно право да протестираат. Меѓутоа мое право е да ми се обезбедат услови да можам да се изјаснам за амандманот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Халими образложете го амандманот. Образложете го амандманот, министерот ќе го чуе, пратениците ќе го чујат, а тие што не сакаат да го чујат, тоа е нивна работа.

ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:

Ве молам господине претседател јас не ве слушам што зборувате. Создадете ми услови за да можам да ве слушнам. Вие сте ги ставиле слушалките и можете да ме слушнете што зборувам. Незнам по кој пат веќе барам од вас да ми создадете услови да говорам. Ве молам, тоа е мое парламентарно право да бидам слушнат. Од 10 часот досега чекав за да го образложам амандманот кој Владата не го прифаќа. Затоа за да можам да го образложам како што треба, барам да ми бидат обезбедени услови за да можам да говорам. Тоа е ваша обврска како претседател на Парламентот. Доколку ова не можете да го овозможите, тогаш барам да се прекине седницата и да се продолжи утре. Како вие утре ќе го организирате продолжението на седницата, тоа е ваша работа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 58 пратеници, за амандманот не гласал ниту еден пратеник, воздржани двајца, против 56 пратеници.

Ве молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Во салата се присутни 87 пратеници.

Вкупно гласале 58 пратеници, за амандманот не гласал ниту еден пратеник, воздржани двајца, против 56 пратеници.

Констатирам дека амандманот не е усвоен.

(Пратениците на опозицијата тропаат по клупите, свират со свирчиња, така што слушањето е отежнато, дури оневозможено).

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Отворам претрес по амандманот на Раздел 16001 програма 17 ставка 443 потставка 443714 и на Раздел 04002 програма 11 ставка 426 поднесен од пратеникот Аднан Ќахил.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандман за слична намена се прифати од Комисијата за образование и со тоа овој амандман станува безпредметен и од тие причини го одбива Владата.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали пратеникот Аднан Ќахил, сака да го искористи своето право на 5 минути да го образложи амандманот.

(Не).

Амандмантот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 64 пратеници, ниту еден за амандманот, воздржани 0 и против амандманот 64 пратеника.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 16001 програма 18 ставка 463 потставка 463212 и на Раздел 16001 програма 17 ставка 463 потставка 463212, поднесен од пратеникот Аднан Ќахил.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали предлагачот сака да земе збор?

Бидејќи предлагачот не сака да земе збор амандмантот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 62 пратеника, од кои гласале против 62, воздуржани ниту еден, за ниту еден.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 16001 програма 13 ставка 441 потставка 441511 и на Раздел 09002 програма 12 ставка 428 потставка 428112, поднесен од пратеникот Аднан Ќахил.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Бидејќи пратеникот Аднан Ќахил не е во салата го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање?

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 64 пратеници, од кои гласале против 63, воздуржани ниту еден и за еден пратеник.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 16001 програма 16 ставка 443 потставка 443511 и на Раздел 09002 програма 12 ставка 428 потставка 428112, поднесен од пратеникот Аднан Ќахил.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Бидејќи предлагачот не е во салата амандмантот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 63 пратеника, од кои гласале против 63, воздржани ниту еден, за ниту еден.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 16001 програма 12 ставка 468 потставка 468111 и на Раздел 16001 програма 12 ставка 425 потставка 425217, поднесен од пратеникот Аднан Ќахил.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандмантот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 65 пратеника, од кои гласале против 64, воздржани ниту еден, за еден.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 16001 програма 13 ставка 463 потставка 463212 и на Раздел 09002 програма 12 ставка 428 потставка 428112, поднесен од пратеникот Аднан Ќахил.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Бидејќи предлагачот не е во салата амандмантот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 64 пратеника, од кои гласале против 64, воздржани ниту еден, за ниту еден.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 14001 програма 12 ставка 467 потставка 467212 и на Раздел 09002 програма 12 ставка 467 потставка 467212, поднесен од пратеникот Марјан Ѓорчев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа, затоа што така должиме средства од капиталните инвестиции, за што и опозицијата зборуваше дека се исклучително ниски.

Не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Бидејќи предлагачот амандмантот не е во салата, амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 65 пратеника, од кои гласале против 65, воздржани ниту еден, за ниту еден.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 14001 програма 13 ставка 471 потставка 471114 и на Раздел 09002 програма 12 ставка 443 потставка 443717, поднесен од пратеникот Марјан Ѓорчев.

(Меѓу пратениците на ВМРО-ДПМНЕ се делат транспаренти)

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Бидејќи предлагачот амандмантот не е во салата го затварам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 61 пратеника, од кои гласале против 61,

(еден од пратениците на ВМРО-ДПМНЕ со транспарентот “ОСТАВКА” излегува пред претседателот на Собранието.

Воздуржани ниту еден, за ниту еден.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 05001 програма 14 ставка 427 потставка 427116 и на Раздел 05001 програма 11 ставка 426 потставка 426718, поднесен од пратеникот Ѓорѓи Трендафилов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа, затоа што сака да зафати средства наменети за одбраната на земјата.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Бидејќи предлагачот на амандмантот не е во салата, го затварам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 66 пратеника, од кои гласале против 66, воздуржани ниту еден, за ниту еден.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 19301 програма 11 ставка 426 потставка 426511 и на Раздел 09002 програма 12 ставка 473 потставка 473111, поднесен од пратеникот Ѓорѓи Трендафилов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Бидејќи предлагачот на амандмантот не е во салата, амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 66 пратеника, од кои гласале против 65, воздуржан еден, за ниту еден.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 19301 програма 11 ставка 443 потставка 443611 и на Раздел 09002 програма 12 ставка 473 потставка 473111, поднесен од пратеникот Ѓорѓи Трендафилов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Со амандманот господинот Ѓорѓи Трендафилов предлага средства насочени за капитални трансфери да се пренасочат во средства за семинари и конференции, што е апсолутно не прифатливо за Владата

Се одбива амандманот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Бидејќи предлагачот на амандмантот не е во салата, амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 58 пратеника, од кои гласале против 58, воздуржани ниту еден, за ниту еден.

Молам службите да го утврдат бројот на присутните пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници).

Во салата се присутни 83 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 06001 програма 12 ставка 468 потставка 468111 и на Раздел 09002 програма 12 ставка 463 потставка 463212, поднесен од пратеникот Ѓорѓи Трендафилов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Бидејќи предлагачот на амандмантот не е во салата, го затварам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 59 пратеници, од кои гласале против 59, нема воздуржан  нема за амандманот некој да гласал.

Молам службите да го констатираат бројот на присутните пратеници.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници).

Во салата се присутни 82 пратеника.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 07001 програма 11 ставка 443 потставка 443417 и на Раздел 09002 програма 12 ставка 428 потставка 428112, поднесен од пратеникот Ѓорѓи Трендафилов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Бидејќи предлагачот на амандмантот не е присутен, го затварам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 60 пратеника, од кои гласале против 60, воздуржани нема, за ниту еден не гласал.

Во салата се пристуни 82 пратеника.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 29010 програма 12 ставка 401 потставка 401221 и на Раздел 09002 програма 12 ставка 428 потставка 428112, поднесен од пратеникот Ѓорѓи Трендафилов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Молам дали некој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 56 пратеника, од кои гласале против 56, воздуржани ниту еден, за ниту еден пратеник не гласал.

Во салата се присутни 82 пратеника.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 18010 програма 16 ставка 443 потставка 443616 и на Раздел 09002 програма 13 ставка 467 потставка 467121, поднесен од пратеникот Мијало Георгиевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот е невозможен и затоа не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор?

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 60 пратеника, од кои гласале против 60, воздуржани нема, за нема.

Во салата се присутни 82 пратеника.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

(Цело време пратениците од опозицијата користат разни средства со кои се создава врева во салата)

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Отворам претрес по амандманот на Раздел 2001 Програма 11 ставка 442 потставка 442119 и на Раздел 09001 Програма 20 Ставка 443 потставка 443717, поднесен од пратеникот Михајло Георгиевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

(По гласањето).

Гласале 62 пратеника, против амандманот гласале 62 партеника, нема воздржан, нема за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 16001 Програма 17 ставка 443 потставка 443714 и на Раздел 09002 Програма 12 ставка 428 потставка 428112, поднесен од пратеникот Михајло Георгиевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

НИКОЛА ПОПОВСКИ

Со оглед дека еден претходен амандман е прифатен за ваква намена и за многу повеќе средства отколку што предвидува овој амандман, амандманот е беспредметен и ви предлагам воопшто да не гласаме по него, затоа што веќе е надминат.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

(По гласањето).

Вкупно гласале 63 пратеника, против амандманот гласале 62 партеника, еден воздржано, ниту еден за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 16001 Програма 17 ставка 442 потставка 442117 и на Раздел 09002 Програма 12 ставка 427 потставка 427112, поднесен од пратеникот Михајло Георгиевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

(По гласањето).

Вкупно гласале 65 пратеника, против амандманот гласале 63 партеника, еден воздржан, и за амандманот еден пратеник.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 16001 Програма 17 ставка 442 потставка 442118 и на Раздел 09002 Програма 12 ставка 427 потставка 427112, поднесен од пратеникот Михајло Георгиевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

(По гласањето).

Гласале 63 пратеника, против амандманот гласале 62 партеника, нема воздржан, еден пратеник гласал за амандманот.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 18010 Програма 11 ставка 443 потставка 443611 и на Раздел 09001 Програма 20 ставка 443 потставка 443717, поднесен од пратеникот Силвана Бонева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор?

Има збор предлагачот на амандманот госпоѓа Силвана Бонева, ве молам 5 минути.

(пратеничката Силвана Бонева излегува на говорницата и носи транспарент на кој пишува: “Барам збор, ништо повеќе”).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

(Во салата покрај говорницата излегува пратеничката Марија Којзеклиска со транспарент на кој пишува: “Дискусија а не диктат”)

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

(По гласањето)

Гласале 42 пратеника, против амандманот гласал 41 пратеник, воздржан нема, еден за.

Ги молам службите да го констатираат бројот на присутните.

(Во салата покрај говорницата излегуваат повеќе пратеници од опозицијата и носат транспаренти).

Вкупно се присутни 84 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 18010 Програма 13 ставка 443 потставка 443613 и на Раздел 09002 Програма 12 ставка 428 потставка 428112, поднесен од пратеникот Силвана Бонева.

(Пратениците од опозицијата постојано извикуваат "Оставка").

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали некој друг бара збор?

Госпоѓа Силвана Бонева, имате право.

(Пред говорницата се поредени повеќе пратеници од опозицијата со транспаренти на кои пишува:"Барам збор, ништо повеќе", "Оставка", "Дебата а не молчење", "За демократија а не за диктат").

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

(Покрај говорницата, свртени со грб кон претседателот приоѓаат и други пратеници од опозицијата со транспаренти).

Ве молам, да се тргнете надвор од ова.

Ве молам.

Гласале вкупно 59 пратеници, против гласале 59, воздржани нема, за нема.

Во салата има доволно мнозинство.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 18010 Програма 12 ставка 443 потставка 443612 и на Раздел 09001 Програма 20 ставка 443 потставка 443717, поднесен од пратеникот Силвана Бонева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

(По гласањето).

Вкупно гласале 58 пратеника, против амандманот гласале 57 партеника, воздржани нема, и за амандманот еден пратеник.

Во салата се повеќе од 61 пратеник.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 18010 Програма 14 ставка 443 потставка 443614 и на Раздел 09002 Програма 13 ставка 462 потставка 462112, поднесен од пратеникот Силвана Бонева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

(По гласањето).

Вкупно гласале 57 пратеника, против амандманот гласале 57 партеника, нема воздржан, и нема за амандманот.

Ги молам службите да констатираат колкав е бројот на пратениците во салата.

Во салата се присутни 78 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 19001 Програма 11 ставка 441 потставка 441318 и на Раздел 09001 Програма 20 ставка 443 потставка 443717, поднесен од пратеникот Силвана Бонева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

(По гласањето).

Во салата се присутни 78 пратеници.

Вкупно гласале 58 пратеника, сите 58 гласале против амандманот, нема воздржани и нема за амандманот.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 18010 Програма 15 ставка 443 потставка 443615 и на Раздел 09002 Програма 13 ставка 467 потставка 467121, поднесен од пратеникот Силвана Бонева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Госпоѓата Бонева со овој амандман предлага да се земат средства кои државата ги инвестира во објекти за локалната самоуправа, водоводи, патишта, училишта, амбуланти и др. и да ги пренасочи за програми кои не се за таа намена во културата и затоа се одбива.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

Дали некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

(По гласањето).

Вкупно гласале 59 пратеници, сите гласале против амандманот, нема воздржан, нема за амандманот.

Во салата се присутни 65 пратеника.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 10001 Програма 17 ставка 427 потставка 427116 и на Раздел 09002 Програма 12 ставка 427 потставка 427122, поднесен од пратеникот Ванчо Стаменков.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој бара збор? (никој).

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 61 пратеник, против амандманот гласале 60, воздржан 1 и ниту еден пратеник не гласал за амандманот.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 09005 програма 11 ставка 426 потставка 426511 и на раздел 09002 програма 12 ставка 442 потставка 442113, поднесени од пратеникот Ванчо Стаменков.

Го молам претставникот на Владата  да се произнесе.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 60 пратеника, против амандманот гласале 60, воздржан нема и ниту еден пратеник не гласал за амандманот.

Во салата се присутни 65 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 09005 програма 11 ставка 463 потставка 463212 и на раздел 09004 програма 11 ставка 426 потставка 426614, поднесени од пратеникот Ванчо Стаменков.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 59 пратеника, против амандманот гласале 59, воздржан нема и ниту еден пратеник не гласал за амандманот.

Во салата се присутни 65 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 19101 програма 13 ставка 426 потставка 426511 и на раздел 09002 програма 12 ставка 428 потставка 428112, поднесени од пратеникот Ванчо Стаменков.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Пратеникот поднел апсурден амандман што Владата не го прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 62 пратеника, против амандманот гласале 62, воздржан нема и ниту еден пратеник не гласал за амандманот.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 12101 програма 13 ставка 465 потставка 465111 и на раздел 12101 програма 13 ставка 426 потставка 426713, поднесени од пратеникот Ванчо Стаменков.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Апсурдни амандмани не прифаќаме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 61 пратеник, против амандманот гласале 61, воздржан нема и ниту еден пратеник не гласал за амандманот.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 12101 програма 12 ставка 471 потставка 471119 и на раздел 12101 програма 12 ставка 468 потставка 468115, поднесени од пратеникот Орданчо Тасев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господинот Тасев поднел амандман со кој бара средствата кој Владата ќе ги издвои за санирање на проблемите во “Саса” и во Рамина дкај Велес, да се избришат од Буџетот и да се пренаменат за други намени.

Затоа амандманот не го прифаќаме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 58 пратеника, против амандманот гласале 58, воздржан нема и ниту еден пратеник не гласал за амандманот.

Во салата се присутни 67 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 14001 програма 16 ставка 471 потставка 471114 и на раздел 09002 програма 12 ставка 427 потставка 427119, поднесени од пратеникот Орданчо Тасев.

Го молам претставникот на Владата  да се произнесе.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 60 пратеника, против амандманот гласале 60, воздржан нема и ниту еден пратеник не гласал за амандманот.

Во салата се присутни 66 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 09002 програма 12 ставка 443 потставка 443722 и на раздел 09002 програма 12 ставка 463 потставка 463212, поднесени од пратеникот Орданчо Тасев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали предлагачот бара збор? (Не)

Бидејќи не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 59 пратеника, против амандманот гласале 59, воздржан нема и ниту еден пратеник не гласал за амандманот.

Во салата се присутни 66 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 09004 програма 11 потставка 469111 и на раздел 19101 програма 11 потставка 426716, поднесени од пратеникот Орданчо Тасев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине претседателе, пред да се прознесам, ги повикувам госпоѓата Ганка Самоиловска-Цветанова и Никола Груевски да застанат овде наместо госпоѓата Марија која ја манипулираат.

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали предлагачот бара збор? (Не)

Бидејќи не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 59 пратеника, сите гласале против амандманот, нема воздржани, нема за амандманот.

Во салата се присутни 65 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 09002 програма 12 потставка 443712 и на раздел 08001 програма 11 потставка 426811, поднесени од пратеникот Орданчо Тасев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Со оглед дека едната половина од желбата ми се исполни, сега го повикувам и господинот Груевски.

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали предлагачот бара збор? (Не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 59 пратеника, против амандманот гласале 59, воздржан нема и ниту еден пратеник не гласал за амандманот.

Во салата се присутни 67 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 15010 програма 11 ставка 443 потставка 443411 и на раздел 09002 програма 12 ставка 428 потставка 428112, поднесени од пратеникот Блаже Стојаноски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Средствата во Буџетот што се обезбедени се сосема доволни.

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали предлагачот бара збор?

Збор има предлагачот Блаже Стојаноски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Бидејќи очигледно е дека од позицијата е целосно замолчена, јс ќе ги искористам моите пет минути што ги даде позицијата, како предлагач да можам со молчење да го искажам мојот протест и протестот на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ против ова замолчување на опозицијата.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 49 пратеника, 1 за, воздржан нема и 48 пратеника гласале против амандманот.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на пратеници во салата.

Во салата се присутни 69 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 15020 програма 11 ставка 443 потставка 443414 и на раздел 09002 програма 13 ставка 462 потставка 462112, поднесени од пратеникот Блаже Стојаноски.

Го молам претставникот на Владата  да се произнесе.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа. Средства за обезбедени за таа намена од Буџетот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали предлагачот бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 54 пратеника, 1 за, воздржан нема и 53 пратеника гласале против амандманот.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на пратеници во салата.

Во салата се присутни 64 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 29010 програма 12 ставка 427 потставка 427119 и на Раздел 09002 програма 12 ставка 428 потставка 428112, поднесен од пратеникот Блаже Стојановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали предлагачот бара збор? (Не)

Бидејќи предлагачот на амандмантот не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 56 пратеника, од кои гласале против 55, против нема воздуржани еден за амандманот.

Во салата се присутни 66 пратеника.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 29010 Програма 12 ставка 467 потставка 467111 и на Раздел 0902 програма 12 ставка 428 потставка 428111 поднесен од пратеникот Блаже Стојановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали предлагачот бара збор? (Не)

Бидејќи предлагачот на амандмантот не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 60 пратеника, од кои гласале против 58, воздуржан еден, и еден за амандманот.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Во салата се присутни 55 пратеника.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 29010 Програма 12 ставка 467 потставка 467111 и на Раздел 0902 програма 12 ставка 428 потставка 428111 поднесен од пратеникот Блаже Стојановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали предлагачот бара збор? (Не)

Бидејќи предлагачот на амандмантот не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 60 пратеника, од кои гласале против 58, воздуржан еден, и еден за амандманот.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Во салата се присутни 55 пратеника.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 10001 Програма 12 ставка 465 потставка 465111 и на Раздел 09002 програма 12 ставка 427 потставка 427122 поднесен од пратеникот Илија Србиновски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали предлагачот бара збор? (Не)

Бидејќи предлагачот на амандмантот не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 61 пратеник, од кои гласале против 59, воздржан еден, и еден за амандманот.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 14001 Програма 14 ставка 463 потставка 463212 и на Раздел 09002 програма 12 ставка 427 потставка 427122 поднесен од пратеникот Илија. Србиновски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали предлагачот бара збор?

Има збор г-динот Илија Србиновски.

ИЛИЈА СРБИНОВСКИ:

Почитуван претседателе со молчење ќе го бранам ставот.

(Пратеникот молчи 5 минути)

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Вкупно гласале 58 пратеника, против гласале 54, воздржани нема 4 гласале за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 19301 Програма 11 ставка 443 потставка 443813 и на Раздел 09002 програма 12 ставка 428 потставка 428112 поднесен од пратеникот Илилја Србиновски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Јас се извинувам меѓутоа г-динот Србиновски за овој амандман молчеше 5 минути.

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали предлагачот бара збор?

Повелете г-дине Илија Србиновски.

ИЛИЈА СРБИНОВСКИ:

Повторно со 5 минути молчење.

(Пратеникот молчи пет минути)

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 52 пратеника, од кои гласале против 50, воздуржан еден, и еден за амандманот.

Ги молам службите да го пребројат точниот број на присутни пратеници во салата.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 15020 Програма 11 ставка 443 потставка 443415 и на Раздел 09001 програма 11ставка 427 потставка 427122 поднесен од пратеникот Љубе Бошковски.

Бидејќи предлагачот не е тука, го затварам претресот.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 56 пратеника, од кои гласале против 55, воздуржан нема и еден за амандманот.

Во салата се присутни 71 пратеник.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Отворам претрес по амандманот на раздел 06001 програма 12 ставка 424 потставка 424 417 и на раздел 09002 програма 12 ставка 463 потставка 463 212, поднесен од пратеникот Љубе Бошковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Бидејќи предлагачот на амандманот не е тука, го заклучувам претресот по амандмано и амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 56 пратеници, еден гласал за амандманот, 55 против, воздржани нема.

Во салата се присутни 72 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на радел 19201 програма 11 ставка 427 потставка 427 116 и на раздел 09002 програма 12 ставка 428 потставка 428 112 поднесен од пратеникот Слободан Чашуле.

Го молам претставникто на Владата да се произнесе.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали предлагачот бара збор?

Збор има г. Слободан Чашуле.

(во моментот кога пратеникот Слободан Чашуле излегува на говорница да се изјасни во врска со амадманот, тропањето, свирењето, удирањето во метални и тапи предмети престанува).

СЛОБОДАН ЧАШУЛЕ:

И сега?

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Имате пет минути.

СЛОБОДАН ЧАШУЛЕ:

За врева да слушате, може. Аргументи кои ќе и помогнат на оваа Влада да одржи контакт со нашите иселеници во три амандмани и еден амандман кој ќе му помогне на Министерството за надворешни работи кое не е наше, може пропагандата на нашата држава  да ја изведува на ефикасен начин, неможам да ги образложам.

Имам четири амандмани г. претседател, да го прашаме министерот дали ги прифаќа сите или не, па да ми дадете 19 минути право дам олчам, пота на тие што седат на страната на демократијата да им ја честитам 2004 година, а на сите дургите 1949 година.

Ќе молчам од место.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам..

(пратениците од ВМРО-ДПМНЕ извикуваат дека пратеникот ќе молчи).

СЛОБОДАН ЧАШУЛЕ:

Од овде ќе молчам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Сакате да молчите?

Повелете.

Четирите минути г. Чашуле ќе ги искористи на својот начин на искажување на револт.

Повелете.

(пратеникот Слободан Чашуле го користи своето право и молчи наредните минути од место).

(во отсуство на претседателот на Собранието со седницата продолжи да раководит г-ѓа Лилјана Поповска, потпретседател на Собранието.)

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам г. Чашуле.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

(пратениците од опозицијата повторно започнуваат со гласното и бучното искажување на револтото).

Гласале вкупно 44 пратеници, ..

Јас ќе ги молам службите да го повториме гласањето.

Јас ве молам уште еднаш да гласаме.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 57 пратеници, еден гласал за, 56 гласале против.

Констатирам дека амандманот не е прифатен.

Отворам претрес по амандманот на раздел 19201 програма 12 ставка 443 потставка 443 611 и на раздел 09002 програма 12 ставка 467 потставка 467121 поднесен од пратеникот Слободан Чашуле.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе за амандманот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам г-ѓо потпретседател.

По повод овој амандман, се обидувам во амандманот да пронајдам дали е сега 1949 или е 2004 година и мислам дека е 2004 година, затоа што само во тие години може некоја сметка во хотел да биде неколку илјади евра.

Амандманот не се прифаќа.

(аплауз од страна на пратениците од позицијата)

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Го молам предлагачот да се произнесе по амандманот.

Има збор г. Чашуле.

(во моментот кога пратеникот Слободан Чашуле излегува на говорница во салата завладеја тишина)

СЛОБОДАН ЧАШУЛЕ:

Јас се надевам го слушнавте министерот.

Г-дине министер, јас сум единствениот пратеник од опозицијата кој ве поддржа. Вие вака ми враќате.

Уште 4 минути ми останаа и 4 минути ќе молчам колку да потсетам дека македонците ги прогласивме за странци со еден закон пред тоа.

(реакција во салата со дофрлање од место)

Во темата е амандманот, се работи за контакт и помош на нашите иселеници во смисла на печатени работи, комуникации итн.

(пратеникот Слободан Чашуле остатокот од времето за дискусија го поминува во молчење од место. А за тоа време пратеникот Блаже Стојановски и Драго Шајновски излегуваат пред говорница со истакнати транспаренти на кои пишува “За демократија” и “За дебата а не молчење”)

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Му благодарам на г. Чашуле.

Со ова го заклучуваме претресот и амандманот го ставам на гласање.

Ве молам колеги пратеници кои не сте во салата да влезете и да пристапите кон гласање.

Ве повикувам да гласаме за овој амандман.

(во салата повторно тропање по маси, свирење и удирање по метални и тврди предмети)

Гласале 56 пратеници, 66 пратеници се присутни во салата, еден гласал за, еден воздржан и 54 против.

Констатирам дека амандманот не е прифатен.

Отворам претрес по амандманот на раздел 19201 програма 11 ставка 427, поставка 427116 и на раздел 09002 програма 12 ставка 467, потставка 467121 поднесен од пратеникот Слободан Чашуле.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Еве зошто ги одбиваме најчесто овие амандмани и не давам големи образложенија.

Со оглед дека г. Чашуле дебатираше по амандманите за што се наменети, сакам да образложам кој е ставот на Владата.

Конкретно овој амандман сака да реалоцира три милиони денари од ставки што Владата ги обезбедува за изградба на објекти во Република Македонија , да не набројувам каков се вид на објекти омжат од буџет да се градат, и ги реалоцира за промотивно-информативни активности во странство. Што значи тоа што и опозицијата го констатираше тука и г. Груевски го констатираше самиот дека немаме доволно инвестиции од буџетот, сега, со овој амандман се алоцираат средства од инвестиции на буџетот во промотивни и информативни активности во странство. Се пренесуваат во трошоци. Таа политика Владата не ја подржува и тука нема ништо чудно затоа што се трудиме да ги зголемиме инвестициите преку буџетот, а не да ги даваме во трошоци.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Го молам претставникот на предлагачот да се произнесе по предлог амандманот.

(кога пратеникот Слободан Чашуле излегува на говорница, во салата настанува тишина)

СЛОБОДАН ЧАШУЛЕ:

Конечно г.министер поведовме дебата.

Така е. Јас мислам дека оваа инвестиција во странство, афирмацијата на Македонија ќе ни донесе инвестиции тука.

Но, се држам доследно до нашиот став и следните 5 минути им ги подарувам на граѓаните кои се собрани пред Собранието и ќе одмолчам во нивна чест ама овде, на говорница.

(пратеникот Слободан Чашуле молчи во следните минути  што ги иам за бранење на својот амандман, а двајцата пратеници со истакнатите пароли сеуште стојат покрај говорницата)

Јас мислам дека, дозволете ми, мое право е, ако имте ќе ми ..

Моја молба до сите нас е да замолиме ова наше недоразбирање да не се пренесе на улица и полицијата да постапува помирно и поблагородно .

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Јас би сакал а само уште еднаш да потсетам заради присутните, но и заради јавноста дека претседатлството на Собранието заедно со координаторите направи, навистина многу сериозен обид да се најде еден коректен договор помеѓу позицијата и опозицијата.

Убедени бевме дека е од заеднички интерес да се донесат овие закони, Буџетот и неколкуте закони што се поврзани со него. Тоа беше јавно искажано и од претставниците на опозицијата, значи декларативно ние немавме разлики. Беше понуден еден фер договор, едноставно замоливме јавно опозицијата  да каже, да се произнесе дека ќе бидат донесени овие закони во тој рок. Но, не онака како што претставниците на опозицијата велеа дека до вечерта, до 30 ќе биде Буџетот донесен, туку замоливме да биде изјавата и ветувањето дека до утрешниот ден, значи до 29 до крајто на денот ќе биде донесен Буџетот, за да имаме едно време, кое што е логично потребно, за да можат и тие неколку закони следниот ден да се донесат. Значи, ова беше според мене, навистина, една многу коректна фер понуда и со тоа се обврзавме да не правиме никакви ограничувања во дискусиите по амандманите. Оваа понуда што беше понудена од позицијата, од опозицијата по одредени консултации беше одбиена. Сега, незнам зошто , не можам да сватам , доколку биле искрени  декларациите дека сите сакаат да се

донесат овие законски текстови, навистина, не можам да сватам зошто , освен ако немало за тоа , ако не биле спремни веќе плакативе, што не би сакала да верувам.

Господинот Груевски бараше процедурално.

Повелете.

НИКОЛА ГРУЕВСКИ:

Благодарам.

Јас уште еднаш ќе ја искористам приликата, почитувана госпоѓо претседавач на оваа седница, да ви укажам дека ВМРО-ДПМНЕ даде јавно ветување, а тоа го направии во писмена форма и во архивите на Парламентот дека до вторник 30 декември сме подготвени да ги завршиме сите буџетски закони, значи Буџетот и пропратните закони поврзани со Буџетот и оние кои се од битен карактер.

Ве молиме, да не го скратувате демократското право на пратениците да говорат по точките и по амандманите за Буџетот или по било кои точки онолку колку што ценат дека треба. Ние немаме намера да го запираме работењето на Парламентот, само бараме да ни се даде нормално право на збор. Тоа е нашиот протест и тоа е нашето барање.

Ние сме свесни дека 30 декември е рокот кој што треба да се донесе Буџетот и пропратените буџетски закони и единственото нешто што го бараме е токму тоа. Зошто мораме со некого да се пазариме дека ќе зборуваме утре до 2 часот или до 4 часот. Ако сме кажале дека во вторник ќе биде се усвоено и завршено, тоа значи дека така и ќе биде. Од наша страна нема да има никаков проблем. Дали ние ќе зборуваме за амандманите на Буџетот утре до 2 часот или до 5 часот или задутре до 12 часот, ние секако ќе внимаваме нашите дискусии да ги распоредиме на таков начин, за да можеме до вторник приквечер, попладне да го завршиме гласањето по Буџетот, буџетските закони и по другите закони кои што имаат итност.

Меѓутоа, од ваша страна постојано се бара пазарење. Ова е Парламент, овде треба да има демократија, а не пазарење. Не можеме да се пазариме за тоа кој колку ќе зборува. Не можете да им го одземата зборот на пратениците. Дозволете ни за амандманите да зборуваме онолку колку што секој чувствува. Некој една минута, некој половина, некој можеби воопшто, некој десет или петнаесет минути, но ние немаме

намера да го злоупотребуваме тоа. Ние само бараме  да не бидеме ограничувани, бидејки тоа се воведува како принцип во  Република Македонија . Ние никогаш нема да го прифатиме тој принцип.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам г-дине Груевски, меѓутоа,  мислам дека некои работи треба да ги разјасниме повторно заради јавноста.

Најпрво, наша обврска е да објасниме пред граѓаните, за да нема забуни и за да не манипулира никој со нив. Затоа, јас ве молам да се слушнеме. Демократијата подразбира и правила на играта и во демократијата е предвидено и ограничување на дискусии, меѓутоа, не е само во нашиот Деловник. Многу пратеници во текот на овие денови искажаа многу примери од други земји дека постојат такви правила. Значи, ние не сме ги измислиле, а не сте ги измислиле и вие како мнозинство кога сте го донесувале Деловникот. Мислам дека воопшто не држи инсистирањето на тоа дека ова е нешто надвор од правилата и дека е ова надвор од демократијата. Тоа едноставно не е вистина.

Инаку, присутнит еи од вашата пратеничка група и од другите групи од опозицијата се сведоци колку претставниците на позицијата инсистиравме да се најде еден коректен договор, едноставно баравме само една гаранција дека овие закони ќе бидат донесени. Една јавна изјава, ништо повеќе, без никакви ограничувања верувавме на збор дека вие ќе водите сметка како ќе ги усогласите дискусиите, токму онака како што вие кажавте. Значи, навистина, не можам да сватам, доколку сте имале искрени намери зошто вам ќе ви пречеше таа изјава да ја дадевте пред неколку часа, бес сите овие бучни изјави. Вие дадовте изјава , дозволете има и стенограми, вие дадовте изјава дека Буџетот ќе биде донесен до крајот на денот на 30 декември. Ние молевме да имаме сигурност дека до крајот на 30 декември ќе бидат донесени целиот пакет на закони. Значи , ова што сега гокажавте, да го кажевте претходно, јас мислам немаше да дојде до сите овеи ситуации и ова јавноста треба да го знае. А, сега ќе му дадам збор на претседателот.

Повелете.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали се гласаше на господинот Чашуле?

(Некој од пратениците бара процедурално).

Нема процедурално, јас претседавам.

Дали се гласаше секретаре?

Одговорете г-дине Груевски  имате три минути.

НИКОЛА ГРУЕВСКИ:

Благодарам г-дине претседателе, иако требаше да дојдам до вас, за да ве замолам да добијам збор за нешто што е многу регуларно.

Прво, точно е тоа дека според Деловникот на Македонското Собрание постои можност за ограничување на дискусиите. Меѓутоа , ова е класична злоупотреба на Деловникот. За оваа точка и за овие точки апсолутно немаше никаква причина да бидат ограничени дискусиите.

Второ, по однос на прашањето дека сме дале изјава дека Буџетот ќе се заврши на 30, таа изјава беше дадена на денот кога се зборуваше само за Буџетот и никој немаше кажано дека има и други закони, кои што се од битен карактер. Денеска се кажа овдека во Парламентот дека има и други закони , кои што се од итен карактер и ние веднаш реагиравме и кажавме дека и законит еод итен карактер сме спремни да дозволиме да бидат гласани до вторник 30 декември. Според ова , ова е калсична злоупотреба на една деловничка можност што ја има  и во други парламенти и уништување на демократијата во  Република Македонија .

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Бидејки нема никој друг за збор, амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласате.

(Господинот Ќуркчиев отиде на говорница и го замоли претседатлот за збор ).

Седете, Ве молам, не давам процедурално да се зборува. Ве молам, седете г-дине Ќуркчиев на место.

(Повторно реакција од страна на пратениците на опозицијата).

Ве молам, ве повикувам да гласаме. Да се повтори гласањето.

Гласале вкупно 54 пратеници, 53 пратеници гласале против, воздржани нема, 1 пратеник гласал за. Во салата се присутни 68 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворм претрес по амандманот на раздел 08001 Програма 12 ставка 427 потставка 427122 и на раздел 04001 програма 20 ставка 443 потставка 443717, поднесен од пратеникот Слободан Чашуле.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали предлагачот , пратеникот Слободан  Чашуле бара збор?

Збор има г-динот Слободан Чашуле.

СЛОБОДАН ЧАШУЛЕ:

Доследна на ветувањето и сега ќе го искористам копирејтот на г-динот претседател и ќе одмолчам 5 минути како подарок до вас.

(Господинот Слободан Чашуле молчи).

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Бидејки, поминаа 5 минути, го заклучувам претресот по амандманот и амандманто го ставма на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

(Повторна реакција  на опозицијата).

Вкупно гласале 48 пратеници, против амандманот 47, нема воздржан, 1 гласал за амандманот. Во салата се присутни 69 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 16 101 Програма 13 ставка 442 потставка 442114 и на раздел 09002 Програма 12 ставка 427 потставка 427112, поднесен од пратеникот Спиро Мавровски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали предлагачот на амандманот бара збор?

Збор има г-динот Спиро Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Господо од позицијата, денеска ни ја честитавте среќна Нова 49, не замолчивте. Овие амандмани се однесуваа на спортот, Новогодишната честитка гласи: Спортот под катанец. Веќе публика и народ нема и спортистите надвор од салите, со кого владеете и за што владеете. Јас незнам зошто ви треба сето ова. Ќе го искористам моето право од 5 минути да ве гледам.

(Реакција од опозицијата).

Не можам да зборувам и Ве молам на што личи ова.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам, вашите 5 минути течат, зборувајте.

Господине Мавровски вашите 5 минути истекоа.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Не можам да зборувам, обезбедете ред во салата.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Бидејќи никој друг не бара збор амандманот го ставам на гласање.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Моите 5 минути не се ни почнати.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 47 пратеници, за не гласал ниту еден пратеник, воздржано гласал еден пратеник, против гласале 46 пратеници.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Во салата се присутни 73 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 16101 Програма 12 ставка 427 потставка 427121 и на Раздел 09001 Програма 20 ставка 443 потставка 443717, поднесен од пратеникот Спиро Мавровски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали предлагачот бара збор?

СПИРО МАВРОВСКИ:

Обезбедете услови за работа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете, вашите 5 минути течат.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Јас ќе го извадам саатот и ќе стојам овде на говорница се додека не обезбедите услови за работа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Мавровски, изминаа вашите 5 минути.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Моите 5 минути не се ниту почнати.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 58 пратеници, за не гласал ниту еден пратеник, воздржано не гласал ниту еден пратеник, против гласале 58 пратеници.

Во салата се присутни 73 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 12101 Програма 14 ставка 465 потставка 465211 и на Раздел 12101 Програма 14 ставка 426 потставка 426316, поднесен од пратеникот Спиро Мавровски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Дали пратеникот Спиро Мавровски има коментар.

ГАНКА САМОИЛОВСКА ЦВЕТАНОВА:

Јас барам процедурално.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот во амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 50 пратеници, за не гласал ниту еден пратеник, воздржано не гласал ниту еден пратеник, против гласале 50 пратеници.

Во салата се присутни 73 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

ГАНКА САМОИЛОВСКА ЦВЕТАНОВА:

Барам да ја почитувате процедурата, дајте ми процедурално. Барам процедурално.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Отворам претрес по амандманот на Раздел 19001 Програма 11 ставка 441 потставка 441317 и на Раздел 09001 Програма 20 ставка 443 потставка 443717, поднесен од пратеникот Ѓорѓи Оровчанец.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ДИМКО КОКАРОСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали предлагачот бара 5 минути?

Може ли да направам само една мала забелешка, опозицијата не го прифати предлогот што беше изгласан, а го користи. Тоа е голема контрадикторност.

Повелете една минута процедурално.

ГАНКА САМОИЛОВСКА ЦВЕТАНОВА:

Сакам да ја информирам македонската јавност додека тече оваа седница од мобилниот број 392664 кој е во сопственост на директорот на претседателот на Управниот одбор на Македонската радио дифузија Живко Ицков, на претседателот на ВМРО-ДПМНЕ и потпретседателката Ганка Самоиловска Цветанова лично од претседателот на Управниот одбор Живко Ицков ни се упатени закани и погрдни зборови. Само сакаме да ви укажеме. Меѓу другото сакаме да им се заблагодариме на сите 400 луѓе кои се надвор и кои демонстрираат против опструирањето на демократијата во Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Исклучете ја.

Господине Оровчанец повелете.

ЃОРЃИ ОРОВЧАНЕЦ:

Ќе кажам само два збора. Затоа што амандманите и вака и така не поминуваат. Што денеска се случи овде, со два збора. Мене како пратеник должност ми е да поднесам амандман со кој можам да го дополнам, да го променам, или да донесам нов закон и тоа е мое пратеничко право и основна функција во овој Парламент. На овој начин јас повеќе не знам дали сум парламентарец, или народен пратеник во Собранието на Република Македонија со вакви ускратени права. Ако е ова демократија, тогаш тешко на демократијата воопшто.

(Пратениците на опозицијата тропаат по пратеничките клупи, свират со свирчиња така да ништо не се слуша).

Пратеникот Ѓорѓи Оровчанец стои на говорница и молчи.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресто и амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 44 пратеници. Против амандманот гласале 44, нема воздржани, нема за амандманот.

Во салата се присутни 63 пратеника.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 16001 Програма 12 ставка 443 потставка 443514 и на раздел 09002 Програма 13 ставка 462 потставка 462112, поднесен од пратеникот Ѓорѓи Оровчанец.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ДИМКО КОКАРОСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Го молам предлагачот на амандманот да земе збор 5 минути.

(Во салата престанува тропањето по масите и свирењето)

ЃОРЃИ ОРОВЧАЕНЦ:

Господине претседателе вие рековте дека Собранието денеска ќе работи до 22,00 часот. Сега е 22,10 часот, според тоа вие го поминавте времето на работа на ова Собрание онака како што беше кажано.

(Господинот Оровчанец стои на говорницата и молчи).

Јас ќе ви кажам уште два збора господине претседателе.

Тоа е она што претходно го кажа господинот Никола Груевски дека беше даден збор на 30 до пладневните односно попладневните часови ќе бидат завршени сите процедури на она што треба да биде затворен пакет од итна економска сфера заедно со Буџетот на Република Македонија.

Проблемот е што вие го скратувате елементарното пратеничко право на дискусија. Нашето право на свест и совест да ги донесеме тие закони беше и демонстрирано и кажано и гарантирано. Тоа што вие немате ни слух, немате ни размислување дека тоа може и така да биде го терате Собранието да раскрсти со основниот или елементарниот принцип на негова работа, а тоа е гласност на пратениците, затоа што гласноста на пратениците е гласност на 10.000 граѓани на Република Македонија. Ветувањето не ви вреди ништо, она што сега се случува во Собранието е производ само на укината демократија во ова Собрание.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Оровчанец јас уште еднаш ќе споменам. Го користите правото на пет минути, што вие не го прифативте, излеговте притоа се гласаше. Тоа е многу интересна констатација, она што не го прифаќате го користите.

(Пратениците на ВМРО-ДПМНЕ тропаат и свират во салата).

Го заклучувам претртесот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 46 пратеника. 46 пратеника гласале против амандманот, нема воздржан и нема за амандманот.

Во салата се присутни 64 пратеника.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 16001 Програма 14 ставка 443 потставка 443216 и на раздел 09002 Програма 12 ставка 467 потставка 467121, поднесен од пратеникот Ѓорѓи Оровчанец.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ДИМКО КОКАРОСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали предлагачот бара збор?

Повелете господине Оровчанец, имате 5 минути.

(Пратениците на ВМРО-ДПМНЕ престануваат да тропаат и да свират во салата).

ЃОРЃИ ОРОВЧАНЕЦ:

Повторно ќе го искористам моето право на молчење, меѓутоа ќе го искористам и за нешто друго.

Да им се заблагодарам на околу 500 граѓани кои се собрани за поддршка на демократијата пред Собранието на Република Македонија на минус 8 степени целзиусови.

(Повторно почнува тропањето и свирењето на пратениците на ВМРО-ДПМНЕ).

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Го користите ли правото на молчење.

ЃОРЃИ ОРОВЧАНЕЦ:

Да.

(Пратеникот Оровчанец седи на своето место и молчи.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Поминаа вашите 5 минути.

(Пратениците се посилно и посилно тропаат и свират).

Амандманот го ставам на гласање.

(Додека претседателот зборува пратениците на опозицијата се посилно тропаат и свират).

Вкупно гласале 51 пратеник, 51 против, воздржани нема, за нема.

Во салата се присутни 61 пратеник.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 19001 Програма 11 ставка 441 потставка 441311 и на раздел 09002 Програма 12 ставка 473 потставка 473111, поднесен од пратеникот Ѓорѓи Оровчанец.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ДИМКО КОКАРОСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали предлагачот бара збор? (Не)

Бидејќи не бара го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 53 пратеника и тоа 53 против, нема воздржани, нема за.

Констатирам дека во салата се присутни 53 пратеника.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 10001 Програма 17 ставка 427 потставка 427117 и на раздел 09002 Програма 12 ставка 427 потставка 427122, поднесен од пратеникот Коце Трајановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ДИМКО КОКАРОСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали предлагачот Коце Трајановски бара збор?

Повелете.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

(Тропањето и свирењето во салата престанува).

Со оглед на тоа што ни се ускрати правото да говорам согласно член 168 јас со пет минутно молчење...

(Дофрлување на пратениците на СДСМ од место).

Јас конкретно кажав. Согласно на тоа моето право ќе го искористам со молчење од 5 минути за бранење на амандманот, кој и така и така нема да биде прифатен.

(Господинот Коце Трајановски, стои на говорницата и молчи. За тоа време господинот Груевски го вика и тој оди, се договараат).

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Коце завршија вашите пет минути.

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

(Повторно се тропа по масите и се свири со свирчиња од страна на пратениците на опозицијата).

За амандманот гласале 46 пратеника. 45 против, 1 воздржани и никој за.

Во салата се присутни 65 пратеника.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Отворам претрес по амандманот на Раздел 05001, Програма 12 ставка 464 потставка 464114 и на Раздел 09002, Програма 12 ставка 427 потставка 427114, поднесен од пратеникот Коце Трајановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ДИМКО КОКАРОСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали предлагачот пратеникот Коце Трајановски бара збор? (Не).

Бидејќи никој не бара збор, амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

(По гласањето)

Гласале вкупно 50 пратеници, 49 против, нема воздржан и еден пратеник гласал за амандманот.

Во салата се присутни 67 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 10001, Програма 17 ставка 427 потставка 427116 и на Раздел 10001, Програма 12 ставка 443 потставка 443822, поднесен од пратеникот Коце Трајановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ДИМКО КОКАРОСКИ:

Амадманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали подносителот на амандманот бара збор?

Повелете господине Коце Трајановски.

(Вревата во салата стивнува).

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Амандманот се однесува околу техничкото опремување на Армијата на Република Македонија, со која толку се залагаме да биде внесена во НАТО, меѓутоа со оглед на тоа што не ми давате време да се изјаснам доволно за овој амандман, амандманот е го бранам со молчење, а воедно ќе им дадам поддршка на сите граѓани кои се пред Собранието на Република Македонија, околу 500, кои се за поддршка на демократијата исто така.

Затоа, пет минути ќе го бранам амандманот со молчење.

(Пратеникот Коце Трајановски пет минути стои пред говорницата и молчи, а вревата во салата продолжи).

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Коце Трајановски, вашите пет минути истекоа.

Уште еднаш навистина се чудам како го користите правото кое не го признавате.

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

(По гласањето).

Гласале 50 пратеници, 49 пратеници против амандманот, воздржани нема, еден пратеник гласал за амандманот.

Во салата се вкупно 65 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 12101, Програма 14 ставка 465 потставка 465111 и на Раздел 12101, Програма 14 ставка 426 потставка 426316, поднесен од пратеникот Коце Трајановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ДИМКО КОКАРОСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали предлагачот на амандманот бара збор?

Повелете господине Коце Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам претседателе.

Овој амандман се однесува на изготвување на студии за заштита на водите во Република Македонија. Меѓутоа, пак ќе повторам, со оглед на тоа што демократијата е замолчена овде во Парламентот на Република Македонија, повторно овој амандман ќе го бранам со петминутно молчење.

(Пратеникот Коце Трајановски пет минути молчи, а вревата во салата продолжува).

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Бидејќи завршија петте минути, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

(По гласањето).

Вкупно гласале 43 пратеници, против амандманот 42, воздржани нема и еден пратеник гласал за амандманот.

Ги молам службите да го утврдат бројот на присутните пратеници во салата.

Во салата се присутни 61 пратеник.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 06001, Програма 14 ставка 463 потставка 463214 и на Раздел 09002, Програма 12 ставка 473 потставка 473111, поднесен од пратеникот Коце Трајановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ДИМКО КОКАРОСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали пратеникот Коце Трајановски бара збор?

Има збор пратеникот Коце Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам претседателе.

Како и досега, и овој амандман ќе го бранам со молчење.

Исто така, ќе им изразам поддршка на граѓаните, околу 500 граѓани кои се наоѓаат пред Собранието на Република Македонија, кои исто така се за поддршка на демократијата во Собранието на Република Македонија.

Со петминутно молчење ќе го бранам овој амандман.

(Пратеникот пет минути молчи пред говорницата).

(Во салата настана молчење и повеќе не се слуша врева).

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам за тишина, немојте да го ометувате.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Претседателе, не се подбивајте. Ќе се подбивате убаво кога бројката од 400 илјади невработени ќе се надмине многу брзо. Тогаш незнам како ќе се подбивате.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Не, јас само сакам ред да воспоставам, ако може.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Добро, јас се извинувам, јас така го разбрав.

Инаку, да потсетам оваа пракса со молчење господине претседателе вие ја воведовте и ви благодариме на изумот. Сега ние го користиме тој изум, за да покажеме нешто, кога не знаеме како се брани, да го одбраните вака.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Да, јас од многу користење немам никаква корист.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Затоа станавте претседател на Собранието, бидејќи молчевте овде на говорницата.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Коце Трајановски, вашите пет минути изминаа.

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 43 пратеници, против амандманот гласале 43 пратеници.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Ни фали уште еден пратеник.

Ги молам пратеничките групи да ги повикаат пратениците.

Бидејќи имаме кворум од 61 пратеник, го повторувам гласањето,

Ве молам да гласаме.

Во салата кога се гласаше беа присутни 61 пратеници. Сега се 62 пратеници.

54 пратеници гласаа, 54 гласаа против амандманот, воздржани и за нема.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

(Реакции од страна на пратеникот Коце Трајановски дека нема доволен број пратеници во салата)

Ги молам службите уште еднаш да ги пребројат присутните пратеници во салата.

Во салата се присутни 62 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 1001 програма 12 потставка 466113 и на раздел 09002 програма 12 потставка 427122, поднесен од пратеникот Коце Трајановски .

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Намената на која се однесува амандманот, во Буџетот е застапена со доволни средства и нема потреба да се зголемуваат средствата по таа основа.

Владата амандманот не го прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали предлагачот на амандманот сака да земе збор?

Повелете господине Коце Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам господине претседателе.

Би го поканил министерот да оди по селата и да види како се електрицирани и на кој напон е нивната струја. Само скопските села имаат струја испод 110 волти напон. Според тоа сметам дека не држи образложението.

Понатаму со пет минути молчење ќе го бранам амандманот.

(Реакции во салата од страна на позицијата)

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам, има право пет минути да го потроши времето. Сега има уште 4 минути.

Она што јас го констатирам и што опозицијата, нормално, го користи е сепак нелогичноста за нешто што не се признава како валидно изгласано, се користи. Но, тоа е право на опозицијата.

Господине Трајановски, изминаа вашите 5 минути.

Го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 53 пратеници, против амандманот гласале 53, воздржани и за амандманот нема.

Во салата се присутни 67 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 13001 програма 11 ставка 472 потставка 472112 и на раздел 09002 програма 12 ставка 467 потставка 467121, поднесени од пратеникот Коце Трајановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Владата не го прифаќа амандманот затоа што има доволно средства за таа намена во Буџетот, а второ и предлогот на господинот Коце Трајановски е за одземање на такви средства од други средства која е исто така за изградба на објекти во локалната самоуправа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали предлагачот на амандманот бара збор?

Повелете господине Коце Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Сметам дека нема доволно средства. Ќе се бранам со молчење, пет минути.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Коце Трајановски, вашите пет минути изминаа.

Го заклучувам претресот по амандманот..

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 58 пратеници, против амандманот гласале 58, воздржани и за амандманот нема.

Во салата се присутни 69 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 14001 програма 16 ставка 467 потставка 467216 и на раздел 04002 програма 11 ставка 468 потставка 468111, поднесени од пратеникот Коце Трајановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Овој амандман не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

Дали предлагачот бара збор?

Повелете господине Коце Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам претседателе.

И овој амандман ќе го бранам со молчење од пет минути.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Бидејќи изминаа вашите 5 минути господине Трајановски, го затворам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 62 пратеника, 62 против амандманот нема воздржани и нема за амандманот.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 15020 Програма 11 ставка 443 потставка 443112 и на Раздел 09002 програма 12 ставка 428 потставка.

Се извинувам изгледа пререипавме.

Отворам претрес по амандманот на раздел 14001 Програма 16 ставка 467 потставка 467216 и на раздел 04002 програма 11 ставка 468 потставка 468 111 поднесен од пратеникот Гоце Трајановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали предлагачот бара збор?

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Претседателе мислам дека овој амандман само што го поминавме, тој е под реден број 131 требаше да биде под реден број 138 15020.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам изјаснете се по амандманот.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

И овој амандман ќе го бранам со молчење од пет минути.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине претседателе се извинувам амандманот по кој отворивте расправа туку што се гласаше и падна.

Господинот Трајановски е во право.

Не треба два пати да го гледаме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Добро грешка.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 15020 Програма 11 ставка 443 потставка 443412 и на Раздел 09002 програма 12 ставка 428 потставка 428112 поднесен од пратеникот Коце Трајановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Со овој амандман господинот Трајановски предлага 20 милиони денари од функциите на држава, од резервите на Буџетот да се пренаменат за дополнителна социјална заштита. Целата расправа и на власта и на опозицијата тврди дека Буџетот има преголеми социјални функции и дека стапките за специјалните пренамени се големи. Сега треба со овој амандман дополнително да биде натаму мислам дека навистина господинот Трајановски треба да се согласи со дискусиите и од неговата партија дека не треба дополнителни средства за социјални заштити. Тие се доволно високи и тие што имаат по тој основ примања ги добиваат, не  треба да ги намалуваме средствата за други намени. Затоа Владата не го прифаќа амандманот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали предлагачот Коце Трајановски бара збор?

Повелете г-дине Коце Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Бев малку и конструктивен бидејќи вие како парламентарно мнозинство продолжувате со дуплирање на амандманите кои што се донесени, сакате да го продолжите времето. Ние сме конструктивни и кажавме дека тој е изгласан амандман и не треба повторно.

Што се однесува до овој амандман само сакам да кажам и да потенцирам дека се однесува на раселените лица кои што сеуште живеат во прифатните домови во катастрофални услови. Понатаму нема да дискутирам. Сметам дека е ваш проблем како Влада. Ќе го бранам амандманот со 5 минутно молчење.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам имате право на тоа.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

(молчи пет минути)

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Отворам претрес по амандманот на Раздел 29010 Програма 12 ставка 467 потставка 467111 и на Раздел 0902 програма 12 ставка 428 потставка 428111 поднесен од пратеникот Блаже Стојановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Трајановски, ви поминаа вашите пет минути.

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 54 пратеника, 54 против амананадманот, нема воздржани нема за амандманот.

Во салата се присутни 69 пратеника.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 15101 Програма 13 ставка 426 потставка 426712 и на Раздел 09002 програма 12 ставка 457 потставка 457121 поднесен од пратеникот Илија Китановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали предлагачот бара збор?

Повелете г-дине Илија Китановски.

ИЛИЈА КИТАНОВСКИ:

И ова е еден начин на борба на мислења, еден демократски начин што вечерва во Парламентот се случува. Моите пет минути ќе ги искористам со молчење, но претходно сакам да апелирам до Владата и Министерството за внатрешни работи да ја повлече

полицијата  затоа што тука добивме инфорамција дека на насобраната група на граѓани се интервенира со примена на сила.

Ги замолувам уште еднаш без драматизации да не го тепаат народот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Продолжете со молчење ве молам.

ИЛИЈА КИТАНОВСКИ:

(Молчи пет минути)

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г-дине Китановски. Вашите пет минути поминаа.

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот по  амандмантот  и амандманот го  ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Вкупно гласале 56 пратеници, 56 пратеници против  амандманот, нема воздржан и нема за.

Во салата се присутни 70 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 16001, програма 15 стапка 441, потставка 441 313 и на раздел 09002 програма 13 ставка 467, потставка 467 121поднесен од пратеникот Марија Којзеклиска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам г. претседателе.

Значи, ова е тој случај што ние би сакале да го нема во буџетот. Овде и понатаму имаме амандман каде што од инвестиционите проекти на Владата за инвестиции, тие што констатиравме дека недостасуваат во буџетот, г-ѓата Којзеклиска предлага да се намалат и да се зголемат на превентивна здравствена заштита. Со оглед на таквиот амандман, Владата неможе да прифати намалување на инвестициите во буџетот.

(пратениците од опозицијата повторно почнуваат со свирење, тропање)

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали поднесувачот на амандманот г-ѓа Којзеклиска бара збор.

Ве молам пријавете се.

Збор има предлагачот на амандманот, г-ѓа Марија Којзеклиска.

Повелете, имате пет минути.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Претседателе, јас не сум претставник на народот за да вие и парламентарното мнозинство ми давате или ми подарувате пет минути, 10 минути, 20 секунди. Не сум тука позицијата да дава милостиња, тука сме за да работиме согласно Деловникот што најмалку три пати денеска го прекршивте. Затоа нема да ги искористам без основ определените пет минути.

А, на г. Поповски би сакала да му кажам дека јас не се глупирам, како што пред малку истиот господин ми кажа, што е очигледно причина или доказ за неговата нервоза, меѓутоа сигурно ќе дојде време кога ќе се најдеме г. Поповски во обратна ситуација вие и јас.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

(продолжува тропање, свирење, трубење)

Вкупно гласале 54 пратеници, 54 против амандманот, нема воздржани и нема за амандманот. Во салата се присутни 70 пратеници.

Отворам претрес по амандманот на раздел 19001 програма 11, ставка 441 потставка 441 322 и на раздел 09002 програма 12 ставка 428 потставка 428 112 поднесен од пратеникот Марија Којзеклиска.

Го молам претставникто на Владата да се произнесе.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Амандманот е поднесен за намена за која во буџетот се определени средства доволни и нема потреба од дополнителни средства затоа што и овие се сосема доволни. Од тие причини амандманот не е прифатен, а инсинуациите, се разбира, ги отфрлам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали предлагачот на амандманот бара збор?

Предлагачот не бара збор.

Го затворам претресот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 49 пратеници, 49 гласале против амандманот, нема воздржани, нема за. Присутни се во салата 70 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 19101 програма 13 ставка 426 потставка 426 712 и на раздел 09002 програма 12 ставка 467 потставка 467 121 поднесен од пратеникот Илија Китановски кој што претходно го поминав.

Го молам предлагачот, дали бара збор.

Бидејќи не е присутен го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 55, против гласале 55, воздржани нема и нема за амандманот.

Ве молам сите да гласате за да не го утврдувам бројот.

Ги молам службите да го утврдат бројот на присутни пратеници во салата.

Ги молам пратеничките групи да си ги викнат своите пратеници, ни требаат за кворум.

(службите ги бројат пратениците во салата, а во салата е тишина)

Уште еднаш ги молам пратениците да влезат во салата и кординаторите на пратеничките групи да си ги повикаат пратениците.

Службите нека утврдат број на присутни пратеници во салата.

(службите го утврдуваат бројот на присутните пратеници во салата)

Сега имаме 62 пратеници.

Го повторувам гласањето,

Ве молам да гласаме.

Гласале 63 пратеници, 63 гласале против амандманот, нема воздржани и нема за амандманот.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 13001 програма 11 ставка 471 потставка 471 117 и на раздел 09002 програма 12 ставка 467 потставка 467 121 поднесен од пратеникот Марија Којзеклиска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Не се прифаќа амандманот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Бидејќи предлагачот не е тука го затворам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63, воздржани нема против 62 еден е за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претес по амандманот на раздел 13001 програма 11 ставка 471 потставка 471 117 и на раздел 09002 програма 12 ставка 428 потставка 428 112 поднесен од пратеникот Марија Којзеклиска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Бидејќи предлагачот на амандманот не е тука, го затворам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 64 пратеници, 64 против, нема воздржани , нема за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 12101 програма 11 ставка 465 потставка 465 211 и на раздел 12101 програма 12 ставка 426 потставка 426 718 поднесен од пратеникот Ѓорѓе Паљошкоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Не се прифаќа амандманот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Бидејќи не е тука предлагачот на амандманот, го затворам претресот и амандманот го ставам на гласање. Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеници, 62 против, нема воздржани, нема за амандманот.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 08001 програма 12 стапка 427 потставка 427 122 и на раздел 04001 програма 20 стапка 465 потставка 465 111 поднесен од пратеникот Ганка Самоиловска -Цветанова.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе .

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали предлагачот на амандманот бара збор?

Бидејќи не бара збор го затворам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеници, 62 гласале против, нема воздржани, нема за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

(пратеинците од ВМРО-ДПМНЕ не тропаат не свират туку громогласно пеат)

Отворам претрес по амандманот на раздел 13001 програма 11 ставка 468 потставка 468 113 и на раздел 09002 програма 13 ставка 467 потставка 467 121 поднесен од пратеникот Ганка Самоиловска-Цветанова.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали предлагачот на амандманот бара збор?

Бидејќи не бара збор амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 61, против 61 пратнеик, нема воздржани и нема за амандманот.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

(пратениците на ВМРО-ДПМНЕ сега тропаат удираат во метални предмети и свират)

Отворам претрес по амандманот на раздел 29010 програма 12 ставка 421 потставка 421 111 и на раздел 09002 програма 12 ставка 428 потставка 428 112 поднесен од пратеникот Чедомир Краљевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали подносителот бара збор?

Бидејќи не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, 61 пратеник против нема воздржани , нема за амандманот.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 29010 програма 12 ставка 426 потставка 426 411 и на раздел 09002 програма 13 ставка 467 потставка 467 121 поднесен од пратеникот Чедомир Краљевски.

Го молам претставникот на Владата да се признесе.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Г-дине претседателе амандманот не се прифаќа затоа што е симнување на средства за капитална изградба на објекти од страна на државата, а се префрла во тековни трошоци, што во принцип не го прифаќаме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Бидејќи предлагачот не бара збор го затворам претресот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, 61 против амандманот, воздржани нема и нема за амандманот.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 29010 програма 12 ставка 423 потставка 423 111 и на раздел 09002 програма 12 ставка 428 постставка 428 112 поднесен од пратеникто Ефтим Манев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот не се прифаѓа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Бидејќи предлагачот не е тука го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласате.

Гласале 60 пратеинци, 60 гласале против, воздржани нема, за амандманот нема. Вкупно во салата се 72 пратеници.

Отворам претрес по амандманот на раздел 29010 програма 12 ставка 424 потставка 424 112 и на раздел 09002 програма 13 ставка 467 потставка 467 121 поднесен од пратеникот Ефтим Манев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот г. претседателе не се прифаќа и видете со каков апсурд се соочуваме. Г-динот Манев бара да се симнат пари од објекти од здравството, образованието и локалната инфраструктура од средствата на Телекомот а да се пренасочат за весници и списанија од страна на корисниците на буџетот. Вакви апсурдни амандмани не прифаќаме, се разбира.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Бидејќи предлагачот Ефтим Манев не е присутен го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 59 пратеници, 59 гласале против амандманот воздржани нема за амандманот никој не гласал. Во салата се присутни 66 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Отворам претрес по амандманот на раздел 29010 Програма 12 ставка 426 потставка 426412 и на раздел 09002 Програма 13 ставка 467 потставка 467121, поднесен од пратеникот Ефтим Манев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам г-дине претседателе, мислам дека да е во овој случај тука г. Манев нема да му стигнат не 5, туку 50 минути, за да може на Владата д аи објасникако да прифатиме амандман со кој симнува средства од парите од оваа држава, која одвај ги двои за изградба на училишта, водоводи, патишта и здравствени установи од средствата на Телеком, а да се пренасочат за адвокатски услуги  кај некои корисници на судската власт. Сакам само да повторам дека кога се поднесуваат некои амандмани, ќе треба малку и да се размислува што се поднесвуа.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

Бидејки предлагачот не е тука , го заклучувам претресот по амандмнаот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, 61 пратеник гласале против амандманот, воздржани нема, за амандманот нема.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 07001 , рограма 11 потставка 468111 и на раздел 04002 Програма 11 потставка 463111, поднесен од пратеникот Ефтим Манев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Со амандманот се бара 5 милиони денари да се одвојат за реконструкција на градежни објекти во судството. Веднаш да кажам дека во овој Буџет се одвоени околу 50 милиони за таа намена, меѓутоа, во друг раздел, а не тука каде што г. Манев предлага и затоа овој амандман не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Бидејки, предлагачот не е присутен го заклучувам претресот по амандманот, амандманот го ставамна гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеници, 62 гласале против амандманот, нема воздржани и нема пратеник кој што гласал за амандманот.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 07001 Програма 11 ставка 427 потставка 427114 на раздел 09002 Програма 12 ставка 427 потставка 427114, поднесен од пратеникот  Жарко Караџоски.

Го молам претставникот на Валдата да се произнесе.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Се работи за прераспределба на истите средства. Тие и ако има потреба ќе бидат прераспределени на Владата во текот на годината,. Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали предлагачот , пратеникот Жарко Караџоски бара збор.

Збор има пратеникот Жарко Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Го користам правото од 5 минути молчење.

Господине претседателе јас не побарав пауза, туку јас го користам правото да дискутирам со молчење. Ве молам, да не шетаат пратениците.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Караџоски, ни тропањето не е дел од работата овдека, па никој ништо не ви замерува. Имате уште две минути од вашето молчење.

Господине Караџоски истекоа вашите 5 минути.

Го заклучувам претресот по амандманот  и амандманот го ставамна гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 62 пратеници, 62 пратеници гласале против, нема воздржан, нема за амандманот.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 07001 Програма 12 ставка 467 потставка 467119 и на раздел 07001 Програма 11 ставка 467 потставка 467119, поднесен од пратеникот Жарко Караџоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Само за појаснување г. претседателе да не направиме грешка. Дали се работи за амандманот кој е од 52 на 75 милиони? Ако сакате уште еднаш повторете го разделот и оставките.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Раздел од 07001 Програма 12, ставка 467 потставка 467119 ...

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Да, во ред, благодарам.

Го повикувам г. Караџоски , освен ако нема други цели да го повлече амандманот, затоа што во образложението бара пари за казнено-поправните домови и установи и затворите, меѓутоа ги симнува парите од изградба на објекти на обвинителството во Република Македонија , а ќе се сложи и тојкако адвокат дека не можеме обвинителството од 23 милиони да го сведеме на  нула за изградба н аобјекти за обвинителството. Мислам дека не би било добро тоа да го направиме,. Затоа амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали подносителот пратеникот Караџоски има збор?

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Јас немам намера да образложувам ништо по амандманот, го почитувам ставот на пратеничката група и го користам правото за молчење од 5 минути.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Добро, имате право 5 минути да молчите.

Господине Караџоски изминаа вашите 5 минути.

Бидејкаи, никој друг не бара збор, амандманот го ставам на галсање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласаа вкупно 56 пратеници, 56 пратеници гласаа против амандманот, нема воздржан, 1 гласал за амандманот, а во салата се вкупно 69 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 06001 Програма 12 ставка 424 потставка 424413 и на раздел 09002 Програма 12 ставка 427 потставка 427122, поднесен од пратеникот Љупчо Балковски.

Го молам претставникот на Валдата да се произнесе.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа според проценките на МВР средствата се доволни во ваков Буџет.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали предлагачот сака да земе збор.

Повелете, г. Љупчо Балковски.

ЉУПЧО БАЛКОВСКИ:

Благодарам претседателе, мислам дека навистина и вие самиот не сте задоволен од овој тек на седницата , затоа што ќе остане запаметено дека како претседател на Собрание на каков начин се донесе Буџетот, а уште пвоеќе мислам дека нема да биде задоволен министерот за финансии, затоа што вчера, прво ни беше ускратена нашата пратеничка должност, би рекол, да разговараме стручно вопоглед на Буџетот, ние тоа го искористивме во рок од 10 минути, повеќе не ни беше одобрено тоа право. Сега, со амандманите знаеме што се случува и се надевам дека ни еден амандман и во тоа сум сигурен дека нема да се усвои од опозицијата. Овие амандмани сакам да кажам дека ги поднесов, не дека ќе се усвојат, туку на некој начин после вчерашната расправа, навистина, сакав да ви докажам дека има грешки, не во Министерството за финансии, меѓутоа и во Министерството за транспорт и врски и во Министерството за екологија и во другите министерства во пооделни ставки. Затоа, вчера реков дека тука треба да бидат и министрите, затоа што вие професионално сте го извршиле вашиот дел од задачата,

меѓутоа, другиот дел од задачата не го извршиле вашите колеги во Владата, почитуван министре. Јас и вчера ви реков, треба да наложите на Министерството за транспорт ив рски ина Министерството за екологија како носители на инвестиционата активност да ги спремаат сега,како што вие го подготвивте Буџетот , тие да ги спремаат и програмите. Затоа што, без разлика ако ги немаме програмите , ние воопшто нема да имаме како Влада , вие нема да имате никаква инвестициона активност, ако програмата се донесе во мај и јуни или во септември како што беше случајот оваа година. Инаку, амандманите не ни сакам да бидат прифатени.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Бидејки нема никој за збор амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 57 пратеници, 57 пратеници гласале против амандманот, нема воздржани, нема за амандманот, вкупно во салата сме 64 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Отворам претрес по амандманот на Раздел 04008 Програма 11 ставка 426 потставка 426513 и на Раздел 08001 Програма 12 ставка 426 потставка 426718, поднесен од пратеникот Љупчо Балковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа. Милион и пол денари суштински ништо не менуваат. Други средства има за таа намена во други раздели.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали предлагачот пратеникот Љупчо Балковски бара збор.

ЉУПЧО БАЛКОВСКИ:

Почитуван претседателе, јас и ви напомнав, меѓутоа еве сега и по повод овој амандман да кажам дека во знак на револт како ја водите седницата, ги повлекувам и останатите амандмани.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Значи, и овој амандман го повлекувате.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 13001 Програма 11 ставка 467 потставка 467212 и на Раздел 13001 Програма 11 ставка 467 потставка 467121, поднесен од пратениците Силвана Бонева и Ѓорге Паљошковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Таквите намени како што пратениците овде со буџет сакаат да ги утврдат, не можат да се утврдат. Тие се утврдуваат со програма на Влада врз основа на вкупната ставка од 90 милиони во буџетот и ќе се одлучува согласно со Законот на Влада со програма, а не директно во буџет. Значи, амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали еден од подносителите на амандманот бара збор.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Почитуван претседателе, дами и господа од власта, бидејќи одлучивте со лажичка да ни дозирате демократија како да делите сируп за деца, ќе го искористам моето ограничено право кое што вие ни го дадовте, а не правото што ни припаѓа по Деловник, да го образложам амандманот со кој што барам средства за регионалниот пат Струмица - с. Водоча, со молчење.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Госпоѓо Бонева завршија вашите 5 минути.

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 53 пратеници, еден пратеник гласал за, воздржано не гласал никој, против амандманот гласале 52 пратеника.

Во салата се присутни 68 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 15020 Програма 11 ставка 443 потставка 443415 и на Раздел 13001 Програма 11 ставка 468 потставка 468113, поднесен од пратениците Силвана Бонева и Ѓорге Паљошковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали еден од предлагачите бара збор.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Бидејќи амандманот е одбиен, сакам со молчење да ја искажам мојата жал поради тоа што со одбивањето на овој амандман повторно се казнуваат лицата кои што беа затворани и прогонувани за идеата на самостојна и независна Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Госпоѓо Бонева истекоа вашите 5 минути.

Бидејќи нема друг дискутант, амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 56 пратеници, ниту еден пратеник не гласал за, нема воздржани, 56 пратеници гласале против.

Во салата се присутни 69 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 13001 Програма 11 ставка 467 потставка 467211 и на Раздел 09002 Програма 13 ставка 467 потставка 467117, поднесен од пратениците Силвана Бонева и Ѓорге Паљошковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали еден од предлагачите бара збор?

СИЛВАНА БОНЕВА:

Повторно ќе го искористам моето право со молчење да ја искажам мојата жал за граѓаните од с. Градско - Балдовци кои се понадеваа дека после поплавите оваа власт ќе им го изгради мостот и ќе им овозможи конечно да ја имаат оваа придобивка на цивилизацијата да бидат поврзани со градот Струмица. И ви поклонувам почитуван претседателе 2 минути од моето ограничено време во прилог на побрзо донесување на буџетот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Тоа значи три минути ќе се молчи.

СИЛВАНА БОНЕВА :

Да.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Бидејќи истекоа вашите 3 минути.

Го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 50 пратеници, нема воздржани, еден пратеник гласал за, 49 пратеници гласале против.

Во салата се присутни 69 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 13001 Програма 11 ставка 467 потставка 467121 и на Раздел 13001 Програма 11 ставка 471 потставка 471117, поднесен од пратениците Силвана Бонева и Ѓорге Паљошковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Госпоѓата Бонева со овој амандман предлага 100 милиони денари да се симнат од позициите за железницата во Република Македонија и да се пренаменат за изградба на други објекти од локално значење. Таквата прераспределба на средства од буџетот е апсолутно недозволива и Владата не го прифаќа овој амандман.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали еден од поднесувачите на амандманот бара збор.

ЃОРГЕ ПАЉОШКОВСКИ:

Мојот амандман се однесува за канализацијата во Ново Село. Анамдманот ќе го бранам со молчење од 5 минути.

(Пратеникот сеуште молчи и стои на говорница)

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Бидејќи истекоа вашите 5 минути го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

(Пратениците на опозицијата демонстрираат со свирење и тропање по клупите).

Вкупно гласале 50 пратеници, од кои против 49, воздржан нема и за 1.

Вкупно се 70 пратеници во салата.

Констатирам дека Собранието не го усвои предложениот амандман.

Отворам претрес по амандманот на раздел 19001 Програма 11 ставка 441 потсатвка 441312 и на раздел 09001 Програма 20 ставка 427 потставка 427122, поднесен од пратениот Сашко Кедев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали предлагачот на амандманот бара збор?

Бидејќи не бара никој збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

(Господинот Сашко Кедев излегува на говорница)

Се извинувам, вие требаше да се пријавите овде. Ако сте зафатени со нешто друго, требаше да се пријавите.

Повелете, имате 5 минути за образложение на амандманот.

(Во салата престанува свирењето и тропањето по клупите).

САШКО ЌЕДЕВ:

Благодарам претседателе, почигувани пратеници, почитувани претставници на Владата.

После оние две историски седници што ги имавме во однос на формирањето на државниот универзитет во Мала Речица не верував дека ќе имам прилика во сегашниот пратенички мандат да зборувам после полноќ. За тоа ни даде надеж актуелниот претседател на Собранието што званично изјави дека нема да се обавуваат собраниски седници после 20,00 или 22,00 часот. Меѓутоа, без оглед на настаната ситуација накратко би се осврнал во однос на амандманите и во однос на процедурата за која сме сведоци на денешниот ден непосредно во фаза на Божиќните празници и пред Новогодишните празници во недела навечер.

Имавме прилика да го слушнеме мислењето на претходниот претседател на Собранието господинот Стојан Андов, кој што е можеби најкомпетентен во толкувањето на актуелниот деловник, меѓутоа, за среќа имаме меѓу нас присутни и претходни претседатели на Собранието, меѓу кој е и еден од нив актуелниот предлагач на Буџетот, актуелниот министер за финансии и јас не се сеќавам дека досега во парламентарната демократија во Република Макеоднија дека имало некогаш расправа, некоја расправа не само за вака есенцијален дел како што е Буџетот на Република Македонија, делот кога треба сите граѓани на Република Македонија кои што плаќаат такси кои што крваво го заработуваат својот живот да одвојува средства и да видат како ќе се трошат нивните пари во текот на идната година.

И покрај цврстото наше ветување, кое што нема да го прекршиме дека Буџетот за 2004 година ќе биде донесен навреме. Единствено баравме можност за конструктивна дискусија и да имаме можност да елаборираме пред предлагачот, пред Владата бидејќи токму Владата е одговорна за ова лакрдија во Парламентот. Ние не гледаме дека почитуваните пратеници присутни тука се виновни за ова. Виновникот се наоѓа во Владата на Република Македонија. Тој дава пејсинг со кој ќе работи Собранието на Република Македонија. Владата го омаловажува ..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Зборувајте за вашиот амандман господине Кедев.

САШКО КЕДЕВ:

Инаку јас имам предложено три амандмани, во само едно излагање бидејќи ќе го скратам времето..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Зборувајте за амандман, бидејќи се повикувате многу на деловникот.

САШКО КЕДЕВ:

Претседателе ве молам малку за коректност.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Јас сум коректен, зборувајте за амандманот.

САШКО КЕДЕВ:

Трите амандмани се однесуваат, едниот се однесува за стимулација на млади и талентирани кадри. Значи една извесна реалокација на средсва. Ако никој не го респектира одливот на млади и талентирани кадри во Република Македонија, ако Владата нема сенс за таков битен проблем со кој што се соочува Република Македонија, ако пред се и се други политички моменти важни тогаш тоа е многу важна работа да ја види Парламентот и да ја види македонската јавност дека Владата нема слух да дискутира на кој начин ние треба да го стимулираме задржувањето на младиот и перспективен кадар во Република Македонија.

И ќе се задржам само на уште еден амандман кој што се однесува на унапредување, стимулирање и возвраќање на крводарителите кои што даваат исклучително важен допринос во секојдневното спасување на човечки животи и во развојот на хирургијата во целина. Ако ние не сме сериозни во пристапот кон крводарителството, кон луѓето кои што ја даруваат својата крв да спасуваат жиот од една страна, а од друга страна дава значителен допринос за развој на една од најсериозните гранки во медицината тогаш тоа е еден од сегментите кој сегашната влада ни го ускратува бидејќи Владата ве манипулира сите вас присутни тука, вклучувајќи го и претседателот на Собранието, за кој што лично сочуствувам поради оваа состојба во која што е поставен..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Внимавајте на зборовите господине Кедев.

Бидејќи нема друг го заклучувам претресот по амаднманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

(Пак почнуваат свирежите и тропањата по клупите во салата. Дури се слуша и трубење).

Вкупно гласале 56 пратеници. 56 се против амандманот, воздржани нема и за амандманот нема.

Вкупно се 71 пратеник во салата.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 16001 Програма 15 ставка 443 потставка 443515 и на раздел 09002 Програма 12 ставка 428 потставка 428112, поднесен од пратеникот Сашко Кедев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам господине претседателе, а господинот Кедев го повикувам да се врати во салата за да сослуша и да ги стави слушалките за да може од своите другари да сослуша што Владата кажува на тоа што он го соопшти.

Прво, господинот Кедев ја обвини Владата дека ги манипулира пратениците и тоа е исто така како сега јас да соопштам дека господинот Кедев е манипулиран од својот претседател или потпретседателе.

Второ, господинот Кедев понуди три амандмани. Со едниот амандман нуди за унапредување на крводарителството, Владата нуди 8,5 милиони денари, да биде 14 милиони денари. Значи не се работи за никакви ставки со кои тој наводно ќе ја спасува државата или крводарителството, туку само ја зголемува ставката што веќе постои во Буџетот и мислам дека е тоа амандман поднесен колку да се добие во време.

Со вториот амандман трансферите за поддршка на млади лица Владата определила 32 милиони денари, а тој нуди амандман во кој бара 42 милиони денари, што значи само дополнува нешто што постои. Јас ве уверувам дека ваквиот “патриотски” настап да стоеше од Владата со 32 милиони господинот Кедев ќе понудеше амандман со кој ќе бараше 52 милиони, само за да има некаков амандман за што ќе се зборува.

Третиот амандман кој господинот Кедев не го соопшти е сосема обратен на претходните два. Бара да се симнат 10 милиони, а тоа е истиот ефект од претходните два амандмани кои ги поднел за наводно додавање некаде од изградба, реновирање, унапредување на објекти кои ќе бидат во корист на граѓаните. Тие објекти се образование, здравство и култура. Значи здравство и образование и од таму ги пренаменува за изработка на физибилити студии, проекти и дизајнирање во високото образовние, каде што има 0 денари, тие 10 милиони денари да се префрлат. Значи во една ставка бара за здравството наводно, а во друга ставка одзема од здравството, така што господинот Кедев мислам дека вашата дискусија и малку продлабочена анализа за

која јас повеќе од вас жалам што неможам да ја соопштам на вашите амандмани, ве уверувам, повеќе жалам покажува не едно ниво на патриотизам што сакавте ви за ви Владата да го покажете, туку едно ниво на апсолутен дилинтализам на начинот на кој пристапувате кон амандманит..

(Аплауз од пратениците од позицијата.)

Едновремено не сакам ни да помислам дека третиот амандман за високото образование сте ги симнале објектите за капитална изградба на оваа држава да ги сместите во Министерството за образовние и тоа во програмата за високо образование за студии, проекти и дизајн, и тоа во дел од буџетот каде што и вие лично сте вработени, или бевте додека станете и сигурно ќе се вратите после овој мандат.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Се извинувам, дали ова што го кажавте, амандманот се прифаќа или не.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине претседателе мислам дека од трите амандмани произлегува дека се врши еден инжинеринг на амандмани со кои наводно сака нешто да се прикаже а всушност ништо не се прикажува и затоа Владата не го прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Значи амандманот не се прифаќа.

Дали предлагачот на амандманот, господинот Сашко Кедев бара збор?

Повелеге господине Сашко Кедев.

САШКО КЕДЕВ:

Благодарам почитуван претседател, почитувани пратеници,

Мене лично многу ми е жал за површноста со која што актуелниот, незнам колку време ќе биде, министер за финансии им приоѓа на овие амандмани.

Најпрво при расправата не кажа еден од битните фактори кои што требаше да се спомнат, бидејќи за мене е неприродно предлагачот на буџетот јавно да изразува сомневање и незадоволство од структурата на буџетот. Значи, се створа еден алиби

утре, не утре, многу брзо кога ќе ги видиме ефектите од овој буџет, пред се во ресорите за здравство и образование актуелниот предлагач да изразува незадоволство во структурата. Значи, ако министерот за финансии не е задоволен од буџетот кој што е негова одговорност, тогаш што треба да размислиме за тој потез.

Ќе се ограничам на неговите реплики во однос на двете ставки.

Тие три амандмани се многу принципиелни, бидејќи во два амандмани бараме покачување на средствата, а во едниот истите средства што ги покачуваме ги враќаме назад за да нема значително влијание на Буџетот почитуван господине актуелен министер за финасии. Тоа е многу важна работа.

Знам дека не ви е специјалност ресорот високо образование и здравство, меѓутоа во однос на буџетот за здравство во краткиот дел што го имав за моето првично излагање вчера или завчера, првата седница за буџетот, изразив сериозни недоверби во однос на буџетот за здравство, бидејќи тој ваш буџет е поминат формално на Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување. Проверете го тоа. Членовите на Управниот одбор им е дадено само да го изгласаат. Значи тие не учествувале во изработката на буџетот. Имаме сериозни забелешки во однос на структурата на буџетот за здравство, бидејќи најголемиот дел од буџетот за здравство се однесува на плати, нема инвестиции. Компетентните луѓе кои што се и во Собрание во ресорот здравство знаат што значи буџет за здравство ако нема планирано инвестиции во фаза кога опременоста во целокупното здравство е на најниска можна гранка.

Ако знаеме дека Клиничкиот центар како најодговорен сегмент во терцијалното здравство е пред колапс, јавното здравство е пред колапс, овој буџет кој што го предлагате се базира на нереални приходи. Тоа кажете го на македонската јавност. Фондот за здравствено осигурување нема да ги собере тие приходи кои што вие сте ги навеле, кои што се околу 60%. Ве молам немојте вие да манипулирате со Парламентот. Моите амандмани се тие, од кои два се насочени кон унапредување. Треба да дадете сигнал дека имате сенс и одговорност за крводарителството и да дадете сигнал на младите луѓе во Република Македонија дека некој кој што седи во Владата на Република Македонија води грижа за иднината на младите таленти. Факт е дека во Република Македонија имаме многу млади таленти без разлика на етничката припадност кои што се

докажале надвор од Република Македониа и зад кои стојат резултати. Очигледно дека тоа треба да го види некој кој што од личен аспект го осетил тоа. Ако не го осетил тоа е жалосно. Тие луѓе кои што седат, ќе нагласам, во Владата на Република Македонија го понижија Собранието на Република Македонија, ја маргинализираа работата на сите пратеници, без разлика дали припаѓаат на позицијата или опозиција и ја злоупотребува парламентарната демократија која што нормално е да има еден еволутивен карактер. Неможе ние да мислиме и да гледаме дека парламентарната демократија пред четири, шест..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам за амандманот да зборувате господине Кедев.

Има збор министерот за financии.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам господине претседателе,

(Повторно свирење и тропање по клупите од страна на пратениците од опозицијата)

Дозволете ми да ги изнесам ставовите на Владата по однос на тоа што беше кажано од господинот Кедев.

Прво, господине Кедев Владата не бега од одговорноста за буџетот, а јас лично како министер за финансии стојам зад овој буџет и ја понесувам одговорноста за него. Ве молам, прифатете го вие дел од одговорноста за вашето однесување во Собранието како опозиција. Секој со својот дел на одговорноста. Ако сакате да импутирате дека јас како министер не ја сносам одговорноста за овој буџет грешите - јас ја сносам одговорноста за овој буџет до последниот ден на неговото извршување и на формирањето на новиот буџет.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Сега повторно сакам да посочам на следново. Кажувате дека нема поддршка на млади таленти. Јас повторно укажувам во Буџетот има 32 милиони за млади таленти, а вие само барате дополнување...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине министре, ќе имате можност по третиот амандман да го кажете тоа.

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

(По гласањето).

Гласале вкупно 57 пратеници, 57 пратеници гласале против, воздржани нема и нема за амандманот, а во салата се присутни вкупно 72 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 16001, Програма 14 ставка 465 потставка 465211 и на Раздел 09002, Програма 12 ставка 467 потставка 467121, поднесен од пратеникот Сашко Кедев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам господине претседателе.

Сега господине Кедев ставете ги добро слушалките на вашите уши за да можете да го слушнете вашиот министер за финансии од своите сопартијци. Таа одговорност претпоставувам ќе ја заземете за себе.

Овде ми зборувате за демократија 5-10 минути. Јас да ве прашам дали ви е на вас убаво кога вие говорите, а сите молчат, а кога јас говорам, а вашите и вие лично мавате и со нозе и со раце по клупата.

Во врска со амандманот толку загрижен за младите таленти, за населението и за крводарителите, сега ве повикувам да објасните на Парламентот врз основа на што нудите да се одземе од функциите на државата 10 милиони денари, кои се наменети за изградба на објекти кои се од здравството, образованието, водоводите, патиштата и тн. и да ги пренамените за физибилити студии, проекти и дизајн во високото образование, ставка која Владата ја проектира на нула затоа што едноставно нема потреба тоа да бидат буџетски средства, туку за проекти професорите на високошколските установи си имаат сопствена работа и сопствени приходи.

Сега ве молам со истиот патриотизам да го објасните ова, ако не е лично, заради тоа што потекнувате од таква институција.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот го одбивате.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот го одбивам со чиста совест, а мислам дека господинот Сашко Кедев е има проблем да објасни зошто го нуди.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Сашко Кедев пет минути.

САШКО КЕДЕВ:

Почитуван претседател, почитувани пратеници, господин министер за финансии...

(Уфрлување на министерот за финансии Никола Поповски со зборовите "Сега убаво ли ви е тивко да биде во салата?")

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Се извинувам господине министер, секој си ја сака и демократијата на свој начин, а граѓаните ќе оценат.

САШКО КЕДЕВ:

Јас ќе се потрудам многу кратко да кажам. Факт е дека градежната инфраструктура во ресорот здравство не е проблем, господине министер. Проблем е адекватната опрема во високообразовните институции, почитуван господине министер за финансии. Значи, проблемот е во опремата. Посетете ги високообразовните институции во сите постоечки државни универзитети. Првиот проблем со кој ќе се соочите е опременоста. Има инфраструктура, но нема опрема. Тоа е причината што ние бараме алокација, не треба нови градби, не треба згради, не треба инфраструктура. Во високото образование ни треба соодветна опрема. Тоа е образложението.

Во однос на вашето прашање како ќе ја сносиме одговорноста, најодговорно ќе ви кажам дека опозицијата има многу чиста совест (реакции) и чисти причини за своето внесување. Меѓутоа, одговорноста ако вие се обидете на овој начин да продолжите со работата во Собранието, на наредните есенцијални проекти кои претстојат, тоа е прво, незнам по кој редослед ќе се оди, дали ќе биде територијалната поделба, легализацијата на малореченскиот универзитет, враќањето на државјанството - ако се обидете да ги примените истите мерки кои ги применивте денес, за кои ќе имате голем проблем пред јавноста и пред меѓународните институции, како што е ММФ, да објасните на кој начин го носите Буџетот, тогаш ако ги примените истите принципи одговорноста ќе биде ваша. Некој деновиве, мислам дека беше тука спомна...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Кедев зборувајте за амандманот, не зборувајте за деновиве. Зборувајте за амандманот ве молам. Вас министерот ве повика за амандманот да објасните од каде тие средства се земаат и се даваат.

САШКО КЕДЕВ:

Објаснето е. Средствата во амандманот кој е однесува на средствата од високото образование се алоцираат од делот кој се однесува на инвестирање и градежна инфраструктура во високообразовните институции се алоцира во сегментот опрема во високообразовните институции. А нашата одговорност ние ќе ја сносиме. Меѓутоа, како што спомнавте пред извесно време како ќе се одрази целата ваша работа на 2006 година, почитуван господине министер за финансии, каква 2006? Мислите дека некој ќе дочека 2006? Со вашите потези?

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

(По гласањето).

Вкупно гласале 56 пратеници, 56 пратеници гласале против амандманот, нема воздржани, нема за амандманот, а присутни се 73 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 16101, Програма 12 ставка 467 потставка 467121 и на Раздел 09002, Програма 12 ставка 428 потставка 428111, поднесен од пратениците Жарко Караџоски и Блаже Стојановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине претседателе, морам да соопштам за господинот Кедев непријатна вест, Владата ќе ја дочека 2006 година, а амандманот се отфрла.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој од предлагачите бара зобр?

Повелете господине Блаже Стојановски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Почитуван претседателе, сакам само да искажам навистина едно чудење од односот, од еден игнорантски однос кон опозицијата во однос на сите амандмани кои ги поднесуваме. Сите амандмани кои ги поднесовме тука и за кои не ни дадовте ниту да говориме беа отфрлени анблок и тука се зборува дека тоа било прашање на некаков инженеринг или незнам што друго. Меѓутоа, јас сметам дека младите, спортот, физичката култура претпоставува постоење на објекти каде што ќе можат да се вршат овие дејности.

Од овие причини, ние предлагачите бараме да се одделат средства во износ од 30 милиони денари, кои ќе се насочат за изградба на спортски сали и кои ќе овозможат навистина да се насочат младите луѓе кон вистинските вредности, односно да можат да спортуваат и да се грижат за физичката култура воопшто.

Од овие причини, сметам дека треба овој амандман да биде прифатен, или пак да слушнеме пак прикаски од типот дека опозицијата поднесува амандмани само за да поднесува, а од друга страна само се запира можноста за демократско изјаснување во однос на Буџетот и буџетските амандмани.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Блаже Стојановски, ако опозицијата ве замолкнува, што беше сега ова? Мислам говор за одбрана на амандманот, образложение на амандманот.

Има збор министерот за финансии, една минута.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Морам да го разочарам господинто Стојановски. Во овој момент Владата нема планови за доградба на спортските сали кои се започнати, туку ги испитува проневерите на средства во врска со изградбите на тие сали во минатото.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

(По гласањето.

Гласале вкупно 59 пратеници, против амандманот гласале 59 пратеници, воздржани нема и за амандманот нема гласано ниеден пратеник.

Во салата се вкупно 72 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 13001, Програма 11 ставка 468 потставка 468113 и на Раздел 09002, Програма 12 ставка 443 потставка 443717, поднесен од пратениците Жарко Караџоски и Блаже Стојановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Со овој амандман се бара од Владата да одвои средства од Буџетот за патен правец Градско-Прилеп.

Владата врши трансфер на дури 1 милијарда и 600 милиони денари во Фондот за патишта, а согласно Програмата за Фондот за патишта се извршуваат овие патни правци,

што значи не им е место во Буџетот, парите од Буџетот се префрлени во Фондот и можат од таму да се бараат средства.

Од овој агол, амандманот е неприфатлив.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој од предлагачите бара збор?

Повелете господине Блаже Стојановски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Министерот тука само ни држи лекции, кажува што се правело наназад, дека се правеле инспекции и незнам што, односно ја презема улогата и на обвинител и на судија. Меѓутоа, тој министер за финансии треба да предвиди во Буџетот средства за овие намени и ако изградбата на патниот правец Градско-Прилеп не заслужува да биде дел од средствата на Буџетот на Република Македонија, јас можам да потсетам дека скоро секојдневно има сообраќајни несреќи на тој патен правец, а Програмата која што ја има Фондот за патишта може да биде само дополнување на овие средства со цел да се доврши она што беше почнато во Владата на ВМРО-ДПМНЕ.

Затоа, од овие причини остатокот од времето по овој амандман ќе го искористам со мочење да го изразам мојот протест од овој однос на Владата кон опозицијата.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

До пет минути молчење.

(Пратеникот Блаже Стојановски со молчење го искажува својот протест).

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Уште колку време имам за молчење?

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Претседателот не ви е саатчија, но добро, имате уште една минута и 30 секунди.

(Пратеникот продолжува со молчењето).

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Ви благодарам претседателе, мислам дека времето за молчење измина.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Не, имате уште девет секунди: девет, осум, седум, шест, пет, четири, три, два, еден.

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

(По гласањето).

Вкупно гласале 50 пратеници, 48 пратеници гласале против амандманот, воздржани нема, а за амандманот гласале двајца пратеници.

Во салата се присутни 72 пратеника.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 14001, Програма 11 ставка 443 потставка 443721 и на Раздел 09002, Програма 12 ставка 443 потставка 443818, поднесен од пратениците Жарко Караџоски и Блаже Стојановски.

Го молам  претставникот на Владата да се произнесе.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Предлагачите предлагаат симнување на 100 милиони денари од позиција во функции на државата, која служи за поттикнување на нови вработувања, во исина од 100 милиони денари, како што кажав, тоа се законски предвидени средства на луѓето кои оваа година се вработија по таканаречениот Бранков закон и не можеме да ги симнеме тие средства затоа што законските обврски постојат. Ние и да ги симнеме ќе мораме да ги исплаќаме од некоја друга ставка, така што вака поставен амандманот практично е невозможен. Владата  не го прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Караџоски, повелете.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги, очигледно одбројувањето до Нова Година отпочна овде. Почнавме да ги броиме секундите, уште малку па ќе дојде Нова Година.

Јас би сакал да се придружам кон желбите на министерот за финансии по повод Новата Година. Една од тие негови желби е и дека Владата ќе ја преживее 2006 година, односно ќе опстои до 2006 година и би ги молел колегите навистина, бидејќи одат новогодишни празници да се приклучиме кон желбите и на министерот, но и на Владата дека ќе ги преживее, односно дека ќе ја дочека 2006 година на власт, како што сепак се посакува, покрај добро здравје, среќни празници и тн., еве и една желба Владата да опстои до 2006 година. Како е тргнато, можно е се да биде желба.

За да не му го дадам правото на министерот да ми држи лекции, по повод опстојувањето на Владата до 2006 година, еве јас е му ги скратам маките и ќе се приклучам кон тие желби да се опстои до 2006 година и од тие причини ќе го повлечам амандманот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 02001, Програма 11 ставка 426, Раздел 04002, Програма 11 ставка 426 и на раздел 09002, Програма 12 ставка 443 потставка 443717, поднесен од Комисијата за културата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам господине претседателе.

Овој амандман на Комисијата за култура за Владата на Република Македониа е прифатлив, меѓутоа, обемот во кој е напишан навистина е огромен и не можеме да го прифатиме.

Меѓутоа, исто така сакам да ги информирам пратениците дека за намените кои се тука Владата веќе издвои средства во висина од 40 милиони денари, кои се наоѓаат во позициите на Разделот кај функциите на државата.

Со оглед дека се работи за истите намени, за прослава на 60 годишнината на АСНОМ и за други намени, веќе алоцираните средства од 40 милиони денари цениме дека ќе бидат доволни, и ако се согласуваат од Комисијата за култура со таквото прифаќање на амандманот, и доколку го повлечат, мислам дека најдовме компромис.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Го молам претставникот на Комисијата за култура да земе збор.

ЕЛЕОНОРА ПЕТРОВА-МИТЕВСКА:

Благодарам господине претседателе.

Бидејќи Владата определила средства за одбележување на значајни настани и личности во 2004 година, во името на поголемиот дел на членови на Комисијата го повлекувам амандманот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на буџетот на Република Македонија за 2004 година.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на буџетот на Република Македонија за 2004 година го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

(По гласањето).

Вкупно гласале 80 пратеници, за Буџетот гласале 65, воздржани нема, против 15.

Констатирам дека Собранието го донесе Буџетот на Република Македонија за 2004 година, со буџетите за 2004 година на: Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија, Фондот за здравствено осигурување на Македонија, Фондот за магистрални и регионални патишта и Заводот за вработување на Република Македонија.

Со тоа ја прекинувам ноќешната работа по седницата, а ќе продолжиме денеска во 11,00 часот.

(Седницата прекина во 01,15 часот).